**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1245

Скопје, 15 септември 2021 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
*проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор*

**Уредник на Билтенот:**
*Илија Богоевски*

**Лектор:**
*Весна Илиевска-Цветановска*

**Техничко уредување:**
*Зоран Кордоски*

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет***: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ*

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1245 ОД 15.9.2021 ГОДИНА

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Анетка Костадиновска, Анџела Баевска, Ивана Таскова, Јоаким Јовановски, Катерина Богева, Наталија Станковска, Сања Ангеловска**)........5-6

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Мирјана Ристовска, Јована Павловска, Александар Николов, Сања Трпеска, Бојана Самарџиска, Никола Миланов, Милица Максимов, Ангела Поповска, Синан Исмаили**)............7-8

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по предметот **Социјална медицина** на Медицинскиот факултет – Скопје (**ас. д-р Иван Панговски**)........9-11
2. Рецензија на ракописот **Леукемии во детска возраст** од авторката **проф. д-р Светлана Кочева**........12-16
3. Рецензија на ракописот **Скрининзи и вакцинации кај новородено дете** од авторката **н. сор. д-р Снежана Јанчевска** со соработниците: **проф. д-р Аспазија Софијанова, проф. д-р Соња Бојаџиева, н. сор. д-р Николина Здравевска, доц. д-р Горан Кочовски, проф. д-р Билјана Таушанова** и **насл. доц. д-р Игор Исијановски**........17-26

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област граѓанско материјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (**д-р Неда Здравева**)........27-40

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Руралниот туризам како стратешка опција за социјалниот и економскиот развој на Полошкиот Регион** од **м-р Зејнедије Адеми**, пријавена на Природно-математичкиот факултет – Скопје........41-45

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Менаџмент во стоматологијата** од авторите **проф. д-р Јулијана Николовска** и **д-р Влатко Коколански**........46-52

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Рецензија на ракописот **Управно ветеринарство** од авторот **проф. д-р Елена Давитковска**........53-56

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Рецензија на ракописот **Одгледување на лековити, ароматични и зачински растенија** од авторот **проф. д-р Зоран Димов**........57-65

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина): видови инструменти (пијано) (60910) на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**доц. м-р Кристијан Каровски**)........66-74

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Интегриран методолошки пристап за анализа на влијанието на вибрации од железнички сообраќај врз луѓето и објектите** од **м-р Никола Наумовски**, пријавена на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје........75-81

ПРЕГЛЕД НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

Скопје, УКИМ - 506. СЕДНИЦА НА ННС ОД 07.07.2021

| Р. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Анетка Костадиновска, дипл. геод. инж. | *“Стекнување правен статус за бесправно изградени инфраструктури во ката- старот на инфраструктурни објекти“* | “Acquisition of legal status of illegally constructed infrastructures in the cadastre of infrastructure objects“ | проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, Градежен факултет | 09.09.2021 0202/135-170 |
| 2 | Анџела Баевска, дипл. град. инж. | *“Методи за пресметување на гранична состојба на носивост при пробивање “* | “Design methods for ultimate limit states of punching“ | проф. д-р Дарко Наков, Градежен факултет | 09.09.2021 0202/135-171 |
| 3 | Ивана Таскова, дипл. град. инж. | *“Нумеричка и експериментална анализа на звучна изолација на стаклени фасади “* | “Numerical and experimental analysis of sound insulation of glass fasades“ | проф. д-р Тодорка Самарџиоска, Градежен факултет | 09.09.2021 0202/135-169 |
| 4 | Јоаким Јовановски, дипл. град. инж. | *“Методи за пресметка на носивоста и стабилноста на греда-столб елементи“* | “Methods for resistance and stability design of beam – column elements“ | проф. д-р Петар Цветановски, Градежен факултет | 09.09.2021 0202/135-168 |
| 5 | Катерина Богева, дипл. инж. по геотехника | *“Примена на геофизичките истражувања во инженерската практика со посебен осврт на сеизмичката метода, “* | “Application of geophysical investigation in engineering practice with special review of the seismic method“ | проф. д-р Љупчо Димитриевски, Градежен факултет | 09.09.2021 0202/135-167 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Наталија Станковска, дипл. геод. инж. | “Утврдување стабилност на вредност на недвижности со примена на пристапи*ште за поединечна и масовна проценка* “ | “Determination of value stability of real estates with application of individual and mass assessments“ | проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, Градежен факултет | 09.09.2021 0202/135-166 |
| 7 | Сања Ангеловска, дипл. геод. инж. | “*Типизирани пристапи за утврдување пазарна вредност на недвижности наменети за експропријација.*“ | “Typical approaches for determination of the real estate market value for expropriation purposes“ | проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, Градежен факултет | 09.09.2021 0202/135-165 |

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Мирјана Ристовска | „Анти Covid мерки и кредитниот ризик во банкарскиот сектор – компаративна анализа“ | „Anti Covid measures and credit risk in banking sector – comparative analysis“ | проф. д-р Ѓорѓи Гоцков | 02-1495/2 09.09.2021 |
| 2. | Јована Павловска | „Употребата на биткоинот како доминантно криптосредство на пазарот - можности и предизвици“ | „The use of bitcoin as the dominant cryptocurrency on the market – opportunities and challenges“ | проф. д-р Елена Наумовска | 02-1225/2 09.09.2021 |
| 3. | Александар Николов | „Јавен долг во Република С. Македонија: актуелна состојба и идни перспективи“ | „Public debt in Republic N. Macedonia: current state and future perspectives“ | проф. д-р Сузана Макрешанска Младеновска | 02-1511/2 09.09.2021 |
| 4. | Сања Трпеска | „Фактори кои влијаат врз намерата на вработените за напуштање на организациите во Република Северна Македонија“ | „Factors Affecting Employees' Turnover Intention in the Organizations in the Republic of North Macedonia“ | проф. д-р Љупчо Ефтимов | 02-1508/2 09.09.2021 |
| 5. | Бојана Самарџиска | „Влијание на организациската култура врз мотивацијата на вработените“ | „The impact of organisational culture on employees' work motivation“ | проф. д-р Љубомир Дракулевски | 02-1497/2 09.09.2021 |
| 6. | Никола Миланов | „Факторингот како современ начин на финансирање на мали и средни претпријатија“ | „Factoring as a modern way of financing small and medium enterprises“ | проф. д-р Зоран Миновски | 02-1496/2 09.09.2021 |
| 7. | Милица Максимов | „Влијанието на пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19 врз еколошката свест на | „The Covid-19 pandemic's impact on consumers' environmental awareness, social responsibility and | проф. д-р Анита Циунова-Шулеска | 02-1327/2 09.09.2021 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **потрошувачите, општествено одговорното однесување и одржливата потрошувачка“** | **sustainable consumption“** | | |
| 8. | **Ангела Поповска** | **„Влијанието на ликвидноста врз профитабилноста во прехрамбената и винската индустрија во РСМ“** | **„The impact of liquidity on profitability in food and wine industry in RNM“** | **проф. д-р Зоран Миновски** | 02-1506/2 09.09.2021 |
| 9. | **Синан Исмаили** | **„Влијанието на странските директни инвестиции врз економскиот раст: случајот на земјите на Западен Балкан (панел модел)“** | **„The impact of foreign direct investments on economic growth: the case of western balkan countries (panel model)“** | **проф. д-р Весна Буцевска** | 02-1248/2 09.09.2021 |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ СОЦИЈАЛНА МЕДИЦИНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 4.6.2021 година, за избор на асистент по предметот Социјална медицина, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2736/5, донесена на 1.7.2021, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Моме Спасовски, претседател, проф. д-р Фимка Тозија, член, и проф. д-р Елена Ќосевска, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент по предметот Социјална медицина, во предвидениот рок се пријави ас. д-р Иван Панговски.

1. **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот д-р Иван Панговски е роден на 7.10.1980 во Скопје. Средно образование завршил во 1999 на Council High School, Idaho, САД. Дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје во 2006 година, со просечен успех 8,6.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2007/2008 се запишал на втор циклус (магистерски) студии по јавно здравство на Медицинскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршил во 2009 година, со просечен успех 8,94. На 26.1.2016 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Фреквенција и значење на социо-медицинските ризик-фактори во превенција на спонтаните хипертензивни мозочни крварења*.

Од 1.3.2017 започнува со специјализација по социјална медицина и јавно здравство, која ја заврши на 29 февруари 2020, а специјалистичкиот испит успешно го одбрани на 15.4.2021, со трудот: *Влијание на шеќерната болест како социомедицински ризик фактор во појавата на хипертензивни мозочни крварења,* под менторство на проф. д-р Моме Спасовски, и се стекна со звањето специјалист по социјална медицина и јавно здравје.

На 27.12.2018 година е избран во звањето асистент на Медицинскиот факултет во Скопје, во областа социјална медицина и јавно здравство.

Во моментот е асистент на Катедрата за социјална медицина. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1181 од 2018 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1181, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. **НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет, кандидатот д-р Иван Панговски изведува практична настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма Општа медицина и на ВСС.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Иван Панговски има објавено вкупно 2 научни труда од областа социјална медицина и јавно здравство во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание) и 1 труд во зборник од научен собир.

1. Евалуација на влијанието на алкохолизмот како социомедицински фактор врз

појавата на мозочните крварења, Зборник на апстракти, стр. 134, 2018, кој е објавен во списанието Архиви на јавно здравје волумен 11, 2019.
2. Challenges in the organization of the emergency care units in Skopje, Mome Spasovski, Aleksandra Stamenova , Ivan Pangovski , Zlate Mehmedovic , Shpresa Hasani , Симпозиум „Денови на превентивна медицина“, Книга на апстракти, стр. 62, 2019
3. Pangovski I. Diabetes mellitus and hypertensive brain haemorrhage. Arch Pub Health 2021; 13 (2) 1-7. doi.org/10.3889/aph.2021.6012

**<u>Стручно-применучка дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Иван Панговски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Институтот за социјална медицина. Врши стручна работа од областа на социјалната медицина и јавното здравство.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Специјалистичкото здружение на лекари по социјална медицина.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот ас. д-р Иван Панговски, во учебната 2020/2021 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Медицинскиот факултет.

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,6.<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 8,94. | Да |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1.Странски јазик: англиски јазик<br>2.Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик на ниво Ц1<br>3.Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“<br>4.Датум на издавање на документот: 4.6.2021 | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Моме Спасовски, с.р.**
**Проф. д-р Фимка Тозија, с.р.**
**Проф. д-р Елена Ќосевска, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Иван Панговски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Иван Панговски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во научната област социјална медицина и јавно здравство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Иван Панговски да биде избран во звањето **асистент** по предметот Социјална медицина.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Моме Спасовски, с.р.**
**Проф. д-р Фимка Тозија, с.р.**
**Проф. д-р Елена Ќосевска, с.р.**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „ЛЕУКЕМИИ ВО ДЕТСКА ВОЗРАСТ“ ОД АВТОРКАТА СВЕТЛАНА КОЧЕВА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, од 1.7.2021, бр. 02-2736/75, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на монографијата „Леукемии во детска возраст” од авторката вонр. проф. д-р Светлана Кочева, наменет за студентите на Медицинскиот факултет и за специјализантите на Катедрата за педијатрија, за предметите Педијатрија и Педијатриска хематологија и онкологија, избрани се проф. д-р Оливера Муратовска и проф. д-р Ката Мартинова.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на 7.9.2021 во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Леукемии во детска возраст |
| **Назив на предметната програма:** | Педијатрија<br>Педијатриска хематологија и онкологија |
| **Назив на студиската програма:** | 1.Студиска програма за прв и втор циклус студии по медицина на Медицинскиот факултет во Скопје – Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје. 2. Специјализација по педијатрија |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | **Фонд на часови: 180.**<br>**ЕКТС-кредити: 11.** |
| Предметот Педијатрија на Медицинскиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 180, број на ЕКТС-кредити 11 и се слуша во IX I X семестар.<br>Колоквиумот Педијатриска хематологија и онкологија е задолжителен колоквиум во состав на специјализацијата по педијатрија. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 70 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 6 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 14 слики, 6 табели и 2 графикони. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Оливера Муратовска, с.р.**
**Проф. д-р Ката Мартинова, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ОЛИВЕРА МУРАТОВСКА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Монографијата „Леукемии во детска возраст“ , наменета за студенти на Медицинскиот факултет, млади лекари и специјализанти по педијатрија, е структурирана во 6 поглавја и ги опфаќа сите аспекти на најчестите малигни болести во детската возраст. Ги содржи најновите ставови за етиологијата, класификацијата и лекувањето на лекукемиите во детска возраст, во согласност со новите ставови за дијагноза и терапија. Во првото поглавје за акутна лимфобластна леукемија, во 13 поднаслови се обработени етиолошките, епидемиолошките, патогенетските механизми за настанување на болеста, потоа клиничката презентација и дијагностичките методи и третманот на болеста. Второто поглавје од монографијата ја анализира втората по честота акутна леукемија – акутна миелобластна леукемија. Во 7 поднаслови се опфатени етиолошките и епидемиолошките карактеристики на болеста, дијагнозата, клиничката презентација и принципите на терапија. Во 3. и 4. поглавје се обработени две поретки форми на болеста: хроничната миелоидна леукемија и јувенилната миеломонобластна леукеми. Се осврнува на клиничките карактеристики и дијагностичките постапки во откривање на овие ретки болести, како и можностите за нивно лекување. Во 5. поглавје од монографијата се разгледани ефектите од хемотерапија кај децата кои го завршиле лекувањето и препораки за нивно следење.<br>Во секое поглавје од монографијата се опишани новите тераписки модели, примената на нови лекови и насоките за персонализирана медицина кои се предизвик на современа терапија на малигните болести.<br>Монографијата во поглавјето 6 предлага современа и актуелна литература од обласа. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не се предложени корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот е одлично структуриран, разбирливо напишан, со едноставен стил на јасен македонски јазик. Детално ги објаснува сите аспекти на леукемиите во детска возраст и современиот пристап во лекувањето и следење во согласност со препораките на најголемите студиски групи за педијатриска онкологија. Оваа монографија ќе им овозможи на студентите и младите лекари полесно да го совладаат наставниот материјал и да го |

| | |
|---|---|
| | зголемат знаењето од областа на детската хематоонкологија. |
| **Категоризација:** | монографија |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 70 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 6 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 14 слики 6 табели и 2 графикона. Во ракописот е современ преглед на сите аспекти на леукемиите во детска возраст, со препораки за современа терапија и докази од современата литература. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како монографија, примарно наменет за млади лекари, студенти на Медицинскиот факултет и специјализанти по педијатрија и педијатриска хематоонкологија.

Во Скопје, 7.9.2021 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Оливера Муратовска, с.р.**

## I. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р КАТА МАРТИНОВА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот „Леукемии во детска возраст”, структуриран во 6 поглавја, дава целосен преглед за етиологија, класификација, дијагноза, клиничка презентација и современа терапија на леукемиите во детска возраст. Првото поглавје, „Акутна лимфобластна леукемија“, структурирано во 13 поднаслови, ги разгледува сите аспекти на болеста, нова класификација и препораки за терапија. Во посебен наслов се анализирани новите тераписки можности и модели за персонализирана терапија. Второто поглавје од ракописот ја анализира акутната миелобластна леукемија со сите карактеристики на различните клинички и генетски подвидови, дефинирани со новата класификација на болеста. Во поглавјето 3 и 4 се анализирани хроничната миелоидна леукемија и јувенилната миеломонобластна леукемија со епидемиолошките и етиолошките механизми, дијагнозата, диференцијалната дијагноза и клиничката презентација на болеста, како и протоколите за терапија. Во посебно поглавје се анализирани доцните ефекти од хемотерапијата како значаен дел во периодот на долгорочно следење на пациентите со успешен третман. Во делот литература се опфатени релевантни публикации од областа од последните години, публикувани од главните студиски групи.<br>Во ракописот се вклопени и повеќе слики, табели и графикони кои овозможуваат поедноставен увид во значајни карактеристики за анализираните болести.<br>Во сите поглавја од текстот се разгледани новите тераписки опции за секоја форма на болеста поединечно кои се основа на современата терапија. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | |
| **Предлози за потребни корекции:** | Не се предложени корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот претставува организирана целина во која се опфатени сите аспекти на леукемиите во детска возраст и има едукативна вредност. Напишан е разбирливо, читливо, со систематизирани тематски содржини во посебни поглавја во кои се инкорпорирани најновите ставови за класификација, дијагноза и терапија на секоја форма на болеста поединечно. Содржи препораки за современ третман и следење со докази од современа литература. |
| **Категоризација:** | монографија |

| | |
|---|---|
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 70 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 6 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 14 слики, 6 табели и 2 графикона. Тоа е прва монографија на македонски јазик од областа на педијатриската хематоонкологија која ќе го зголеми познавањето за акутните леукемии во детството. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како монографија, примарно наменет за лекари и за студенти на Медицинскиот факултет.

Во Скопје, 7.9.2021 година

**Рецензент**
**Проф. д-р Ката Мартинова, с.р.**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СКРИНИНЗИ И ВАКЦИНАЦИИ КАЈ НОВОРОДЕНО ДЕТЕ ОД АВТОРКАТА Н. СОР. Д-Р СНЕЖАНА ЈАНЧЕВСКА СО СОРАБОТНИЦИТЕ: ПРОФ Д-Р АСПАЗИЈА СОФИЈАНОВА, ПРОФ. Д-Р СОЊА БОЈАЏИЕВА, Н. СОР. Д-Р НИКОЛИНА ЗДРАВЕВСКА, ДОЦ. Д-Р ГОРАН КОЧОВСКИ, ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА ТАУШАНОВА И НАСЛ. ДОЦ. Д-Р ИГОР ИСИЈАНОВСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, од 1.7.2021 год., бр. 02-2736/70, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот **Скрининзи и вакцинации кај новородено дете** од авторката н. сор. д-р Снежана Јанчевска со соработниците: проф. д-р Аспазија Софијанова, проф. д-р Соња Бојаџиева, н. сор. д-р Николина Здравевска, доц. д-р Горан Кочовски, проф. д-р Билјана Таушанова и насл. доц. д-р Игор Исијановски, избрани се: проф. д-р Никола Софијанов и проф. д-р Ана Данева Маркова.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. ОПШТ ДЕЛ

**<u>Основни податоци за ракописот</u>**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | **Скрининзи и вакцинации кај новородено дете** |
| **Назив на предметната програма:** | **Неонатологија** |
| **Назив на студиската програма:** | **Општа медицина** |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | **Фонд на часови: вкупно 15 часа.**<br>**ЕКТС-кредити: 1.** |
| Предметот Неонатологија на Медицинскиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 15, број на ЕКТС-кредити 1 и се слуша во VIII и IX семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | **прво издание** |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 101 стр. (формат ISO B-5:17,59cmX25cm), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 13 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 25 слики и 15 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Никола Софијанов, с.р.**
**Проф. д-р Ана Данева Маркова, с.р.**

## III. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р НИКОЛА СОФИЈАНОВ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Заболувањата, состојбите и секвелите кои се појавуваат рано во пренаталниот и неонаталниот период, а покажуваат максимална експресивност во подоцнежниот период, покажувале силна потреба од страна на лекарите за нивно рано детектирање. Но дури подоцна во XX век, а со поголем интензитет и во XXI век, направени се големите чекори за нивно рано откривање преку воведувањето на т.н. скрининг-техники. Раните скрининг-тестови, воведувани постепено во клиничката практика, денес се сведуваат на апликација на релативно евтини, високосензитивни тестови, кои го трасираат патот на клиничарот за воведување на софистицирани и поскапи анализи, што ќе доведат до рана дијагноза на вродени, секвелни и стечени заболувања и евентуално излекување.<br><br>Од друга страна, болестите, посебно од инфективна генеза, претставувајќи опасност за доенчето, помалото дете и адолесцентот, со успех се превенираат со редовната имунизација со вакцини дадени уште во периодот на новороденото.<br><br>Авторите на ова учебно помагало (прирачник), под водство на главниот уредник С. Јанчевска, ги спојуваат овие две медицински превентивни процедури, давајќи му на читателот можност за увид на нивната моќ за рано откривање и лекување на гореспоменатите заболувања и состојби со висок ризик на тежок морбидитет и висок леталитет.<br>Во првиот дел и првото поглавје на овој прирачник е опишан пренаталниот скрининг за конгенитални аномалии на срцето. Авторот Г. Кочоски нè воведува во ембриогенезата на феталното срце, како и во развојот на феталната циркулација, без кои тешко може да се разбере настанувањето на вродените срцеви аномалии. По опширниот приказ на етиолошките фактори битни за настанувањето на конгениталните срцеви аномалии, авторот на поглавјето дава опширен приказ на двете најбитни, рано применувани пренатални техники, базична и проширена базична фетална ехокардиографија.<br><br>Во второто поглавје, авторката С. Јанчевска нè запознава со првиот ран скрининг на |

| | |
|---|---|
| | новороденото, пулсоксиматријата. Тоа е скрининг кој служи за мерење на нивото на О2 во крвта. Со него се откриваат состојбите на транзиторни или перманентни хипоксии на новороденото, со што се трасира патот, особено кај недоносените, да се откријат и следат сите хипоксични состојби и со рано дадената оксигенотерапија да се превенираат раните енцефалопатии. Авторката дава опширен опис на начинот на изведување на самата метода, како и адекватно толкување на резултатите.<br><br>Воведувањето на раниот неонатален скрининг за конгениталниот хипотироидизам, техниката на неговото изведување, како и интерпретацијата на резултатите се дадени во третото поглавје од авторката Н. Здравеска. Авторката нѐ воведува во сложената етиологија и класификација на конгениталниот хипотироидизам за потоа да се осврне на техниката на изведување на скринингот. Толкувањето на резултатите, како и понатамошните постскрининг-процедури за дефинитивна дијагноза на болеста се дадени во понатамошното излагање на авторката на поглавјето.<br><br>Во 4. поглавје на овој прирачник се обработуваат неонаталните скрининзи за вродените метаболички болести. Авторката на поглавјето, А. Софијанова, нѐ воведува во значењето на тие заболувања, кои ако не се откријат рано, оставаат тешки невроразвојни секвели. Доцниот опис на овие заболувања во медицинската литература резултираше со фактот што првиот скрининг за едно вродено метаболичко заболување (фенилкетонурија) е воведен во втората половина на XX век од Guthrie. Оттогаш, палетата на скрининг-тестовите за други вродени метаболички заболувања од година на година се прошируваше, така што во зависност од земјите кои ги аплицираат, нивниот број е варијабилен и изнесува повеќе десетици тестови, групирани во еден скрининг-пакет. За вродените метаболички болести опишани во ова поглавје, табеларно се изнесени најважните болести со нивната инциденца, клиничка слика, терапија и прогноза. Посебен осврт е даден за цистичната фиброза со најчестите скрининг-тестови за неа во неонаталната возраст. Поглавјето за вродените метаболички заболувања завршува со идни насоки и перспективи за рано скринирање и |

| | |
|---|---|
| | дијагностицирање на вродените метаболички заболувања.<br><br>Во 5. поглавје се обработуваат билирубинемиите кои заслужуваат да бидат рано откриени, бидејќи тие нетретирани доведуваат до тешки енцефалопатии (kernicterus). Авторката Н. Здравеска нашироко ја изнесува инцидентноста на хипербилирубинемиите кај новородените во терминот и пред терминот, како и ризикот за развој на kernicterus во зависност од серумскиот билирубин. Значајно место во ова поглавје земаат нормограмите за тотален серумски билирубин и определувањето на зоните со висок, среден и низок ризик за засегање на мозокот и постапката на педијатрите неонатолози во однос на времетраењето на престојот на новородените во неоналните оддели, понатамошниот пристап кон бебињата, како и итните постапки за избегнување на kernicterus. Даден е опис на двата најчести скрининза за определување на билирубинемијата, транскутаната и серумската билирубинометрија.<br><br>Авторот И. Исјановски во 6. поглавје го опишува скринингот за прематурна ретинопатија, изнесувајќи ги факторите на ризик, како и дијагнозата и меѓународната класификација на прематурната ретинопатија. Во изнесувањето на класификацијата, авторот дава опис на морфологијата на оштетувањето, која ги формира стадиумите на ретинопатијата. Познавањето на овие факти ја определува и терапијата за прематурната ретинопатија, која за разните стадиуми е различна. Скринингот за прематурната ретинопатија не се изведува рутински и е зависен од родилната тежина и гестациската недела. Авторот детално ги опишува процедурите на скринирањето, кои технички се сложени и ги врши супспецијализиран офталмолог.<br><br>Во 7. и последно поглавје на првиот дел на прирачникот, авторката и главна уредничка С. Јанчевска го опишува скринингот за слух кај новородени деца. Во почетокот е изнесена анатомијата и физиологијата на слушниот орган, како и значењето на раното откривање на оштетувањето на слухот. За детекција на рано оштетување на слухот, разните медицински школи имаат изготвено програми кои вклучуваат принципи за соодветноста на апликацијата на |

| | |
|---|---|
| | аудитивните скрининзи кај новородените. Според ова, во развиените земји, програмата за скринирање на слухот кај новородените претставува стандардна практика за навремено аплицирање на пософистицирани дијагностички методи со давање навремена и соодветна терапија. Програмите за скрининг на слухот, главно, опфаќаат: а) целен скрининг на слух кај новородени деца, но само со висок ризик и б) универзален скрининг кај сите новородени деца. Во натамошниот тек, авторката ги изнесува сложените технички процедури на овој скрининг.<br><br>Втората глава или вториот дел на овој прирачник ги опфаќа вакцинациите кај новороденото како важен дел во превенцијата на инфективни болести кои го атакуваат новороденото, доенчето и детето воопшто. Бидејќи вакцинациите претставуваат континуиран процес, авторите изнесувајќи ја палетата на вакцини кај новороденото, продолжуваат со опис на целокупниот процес на имунизација во детската возраст.<br>Првото поглавје на вториот дел на прирачникот ја опишува BCG-вакцинацијата како процедура за заштита од туберкулоза. Авторката Б. Таушанова, по изнесувањето на историјатот на воведувањето на BCG-вакцината, се осврнува на дилемите кои се јавуваат во различни земји по однос на нејзината примена. Се заклучува дека BCG-вакцината ги штити децата од развој, не на примарна и некои форми на постпримарна туберкулоза, туку од тешки дисеминирани форми на туберкулоза. Во прирачникот опширно се опишува начинот на давање на BCG-вакцината, поствакциналната алергија и имунитет, како и придружните појави по вакцинирањето со BCG-вакцината.<br>Во второто поглавје на вториот дел на прирачникот, авторката С. Бојаџиева нè запознава со имунизацијата на новороденото против хепатитис Б. По описот на структурата на хепатитис Б-вирусот, трансмисијата на инфекцијата, како и другите аспекти на клиничката слика и дијагнозата на заболувањето, авторката на поглавјето нè запознава со хепатитис Б-вакцината, со детален опис на времето на апликацијата (1 доза во периодот на новороденото), како и постапката на имунизација при разни ситуации, како што е случајот со мајки позитивни на HbsAg. На крајот, авторката заклучува дека вакцинацијата со хепатитис Б-вакцина кај новороденото е особено важна за намалување не само на инфекцијата, туку |

| | |
|---|---|
| | и од компликациите од неа во подоцнежната возраст (цироза и карцином на хепар). Последното 3. поглавје на прирачникот внесува една новост во имунизацијата на новородените. Имено, апликацијата на ротавирусната вакцина, за нас, кои живееме во овој дел на светот со почести гастроентероколити, е од особена важност. Авторката С. Бојаџиева потцртува дека имунизацијата со ротавирусната вакцина треба да се прави кај сите новородени при нивното отпуштање од неонаталните оддели без оглед дали се термински или прематурни. Заради фактот што ротавирусната вакцина е составена од повеќе соеви живи вируси, постои можност за појава на негативни ефекти (пролив). Тоа ја наложува потребата првата доза од вакцината да се даде уште во породилиштето. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Иако пишуван од повеќе автори, прирачникот јасно и концизно ги пренесува сите релевантни факти со прецизен стил и јазик разбирлив за сите видови на лекари, а особено за тие кои се занимаваат со проблемите на новороденото дете. Прирачникот може да послужи за надополнување на знаењата не само на лекарите, туку и на студентите по медицина. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Корекции не се потребни. |
| **Оцена на ракописот:** | Прирачникот СКРИНИНЗИ И ВАКЦИНАЦИИ КАЈ НОВОРОДЕНОТО ДЕТЕ од група автори под редакција на С. Јанчевска доаѓа во вистинско време за да пополни една празнина за битни прашања во периодот на новороденото. Имено, до само половина век, спомнувањето на некои до тогаш познати вродени метаболички заболувања, претставуваше очај и беспомошност. Но со напредокот на медицината и со сознанијата за рано воведување на диететска и суплементарна исхрана како терапија при што тешките симптоми на тие заболувања се отстрануваат, се наложи потребата од многу рана детекција на вродените метаболички заболувања. Првиот скрининг-тест за феникетонурија (Guthrie), од средината на минатиот век, го отвори патот за изнаоѓање на нови скрининг-тестирања за други слични заболувања и за отклонување на очајот и беспомошноста. Ете затоа, познавањето на скринирањето на тие болести уште на возраста на новороденото, претставува императив за секој оддел на новородени деца. Овој прирачник, во тој поглед, ќе трасира добар пат. |

| | |
|---|---|
| **Категоризација:** | /учебно помагало/ |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 101 стр., (формат ISO B-5:17,59cmX25cm), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 13 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 25 слики и 15 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот Неонатологија, примарно наменет за студентите на Медицинскиот факултет.

Во Скопје, 6.9.2021 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Никола Софијанов, с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Ана Данева Маркова

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Во првиот дел и првото поглавје на овој прирачник е опишан пренаталниот скрининг за конгенитални аномалии на срцето. Конгениталните аномалии на срце се сериозен фактор, кој влијае врз перинаталниот, неонаталниот и морбидитетот и морталитетот во детската возраст. Пренаталната дијагностика на конгениталните аномалии на срце, систематизирано опишано во поглавјето, имаат огромно позитивно влијание врз постнаталниот менаџмент.<br><br>Во второто поглавје, авторот нè запознава со првиот ран скрининг на новороденото, пулсоксиматријата. Авторката дава детален опис на начинот на изведување на оваа метода, како и на клиничкото значење преку споредба кај нормално и оперативно породување. Се истакнува важноста на скринингот за детекција на важни болести кај новороденчињата. Внимателното клиничко мониторирање на кардиопулмоналната транзиција на новороденото од моментот на раѓање е императив за да се обезебеди соодветен третман и терапија по протокол.<br><br>Воведувањето на раниот неонатален скрининг за конгениталниот хипотироидизам, техниката на неговото изведување, како и интерпретацијата на резултатите се дадени во третото поглавје. Авторката нè воведува во сложената етиологија и класификација на конгениталниот хипотироидизам за потоа да се осврне на техниката на изведување на скринингот.<br>Во четвртото поглавје на овој прирачник се обработуваат неонаталните скрининзи за вродените метаболички болести. За вродените метаболички болести опишани во ова поглавје, табеларно се изнесени најважните болести со нивната инциденца, клиничка слика, терапија и прогноза.<br>Во петтото поглавје се обработуваат билирубинемиите кои заслужуваат да бидат рано откриени, бидејќи тие нетретирани доведуваат до тешки енцефалопатии (kernicterus). Авторката ја изнесува инцидентноста на хипербилирубинемиите кај новородените во терминот и пред терминот, како и ризикот за развој на kernicterus во зависност од серумскиот билирубин. Даден е опис на двата најчести скрининза за определување на |

| | |
|---|---|
| | билирубинемијата, транскутаната и серумската билирубинометрија.<br><br>Авторката во шестото поглавје го опишува скринингот за prематурна ретинопатија, изнесувајќи ги факторите на ризик, како и дијагнозата и меѓународната класификација на prематурната ретинопатија. Во изнесувањето на класификацијата, авторката дава опис на морфологијата на оштетувањето, која ги формира стадиумите на ретинопатијата. Познавањето на овие факти ја определува и терапијата за prематурната ретинопатија, која за разните стадиуми е различна. Авторката детално ги опишува процедурите на скринирањето, кои технички се сложени и ги врши супспецијализиран офталмолог, како и сите програми кои вклучуваат теоретска и практична подготовка.<br><br>Во седмото последно поглавје на првиот дел од прирачникот, авторката и главна уредничка С. Јанчевска го опишува скринингот за слух кај новородени деца. Во почетокот се изнесени анатомијата и физиологијата на слушниот орган, како и значењето на раното откривање на оштетувањето на слухот.<br><br>Последното  поглавје на прирачникот внесува една новост во имунизацијата на новородените. Имено, апликацијата на ротавирусната вакцина, за нас, кои живееме во овој дел на светот со почести гастроентероколити, е од особена важност. Авторката истакнува дека имунизацијата со ротавирусната вакцина треба да се прави кај сите новородени при нивното отпуштање од неонаталните оддели без оглед дали се термински или prематурни. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината на ракописот како учебно помагало одговара на дел од  наставната програма за предметот Неонатологија. Соодветно е направена поделбата на материјалот на тематски целини, во согласност со одделните поглавја. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Корекции не се потребни. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот претставува концизен приказ на одделни содржини од областа на скрининзи и вакцинации кај новородени деца. Содржините се систематизирани и јасно обработени, опфатени се |

| | |
|---|---|
| | во секое поглавје најбитните компоненти и придобивки. Текстот е напишан јасно, со илустрација преку слики и табели кои исклучително ја зголемуваат неговата едукативна вредност. |
| **Категоризација:** | /учебно помагало/ |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 101 стр., (формат ISO B-5:17,59cmX25cm), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 13 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 25 слики и 15 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот Неонатологија, примарно наменет за студентите и докторите на Медицинскиот факултет.

Во Скопје, 6.9.2021 година

**Рецензент**
**Проф. д-р Ана Данева Маркова, с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците *Дневник* и *Коhа* од 10.8.2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област граѓанско материјално право, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр.02-927/6, донесена на 3.9.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Гале Галев, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (во пензија), д-р Родна Живковска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област граѓанско материјално право, во предвидениот рок се пријави д-р Неда Здравева.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Неда Здравева е родена на 10.11.1976 година во Скопје, каде што го завршила и основното и средното образование со одличен успех. Во 1995 година се запишала на Правниот факултет во Скопје, на правните студии. Дипломирала на истиот факултет на 18.2.2000 година, со просечен успех 8,62. Во студиската 2001/2002 година се запишала на постдипломските студии по граѓанско право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Испитите од постдипломските студии ги положила со просечен успех 9,90. На 14.5.2008 година успешно го одбранила магистерскиот труд со наслов „Објективна одговорност за штета“, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со што се стекнала со научниот степен магистер на науки од областа на граѓанското право. На 13.1.2012 година успешно ја одбранила докторската дисертација со наслов „Компаративни аспекти на одговорноста за нематеријална штета во теоријата, законодавството и практиката“, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со што се стекнала со научниот степен доктор на правни науки.

На 19.5.2003 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатката е избрана во звањето помлад асистент на областа граѓанско право – облигационо право (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 825 од 1.4.2003 година) и во истото звање е преизбрана на 2.11.2007 (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 928 од 15.10.2007 година). На 4.6.2009 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатката е избрана во звањето асистент на научната област граѓанско материјално право (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 964 од 15.5.2009). На 31.5.2012 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатката е избрана во звањето доцент на научната област граѓанско материјално право (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1031 од 15.5.2012). На 24.2.2017 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатката е избрана во звањето вонреден професор на научната област граѓанско материјално право (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1139 од 1.2.2017 година).

Кандидатката активно ги владее англискиот и српскиот јазик, а има основни познавања од германскиот јазик. Поседува компјутерски вештини и се служи со информатичката технологија.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 825 од 1.4.2003 година, бр. 928 од 15.10.2007 година, бр. 964 од 15.5.2009, бр. 1031 од 15.5.2012 и бр. 1139 од 1.2.2017 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатката д-р Неда Здравева е континуирано и активно вклучена во наставно-образовната дејност на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на првиот, вториот и на третиот циклус студии. Исто така, таа е вклучена во изведувањето настава на прв циклус студии на Машинскиот факултет и на втор циклус студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кандидатката е активно вклучена во наставно-образовниот процес на Правниот факултет „Јустинијан Први“ уште од академската 1999/2000 година, како демонстратор на предметните програми Облигационо право, Авторско право, Право на индустриска сопственост и Граѓанско право – применета програма. По изборот во звањето помлад асистент, а подоцна и асистент, кандидатката е активно вклучена во изведувањето на вежбите, но и на дел од наставата, на повеќе предметни програми од научната област граѓанско материјално право, како на првиот циклус студии, така и на вториот циклус студии.

По нејзиниот избор во звањето вонреден професор, на 24.2.2017 година, кандидатката ја изведува наставата на предметните програми Облигационо право (прв циклус од правните студии); Право на интелектуална сопственост (втор циклус од правните студии на насоката за деловно право); Договорно право и Граѓанско право - применета програма (втор циклус од правните студии на насоката за граѓанско материјално право и граѓанско процесно право); Introduction to Intellectual Property Law, Copyright and Related Rights, (втор циклус од правните студии на насоката за право на интелектуална сопственост); како и изборните/опциони предметни програми Право на интелектуална сопственост, Право на осигурување и обезбедување трансакции, Отштетно право, Потрошувачко право и Интернет-право. На Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, од академската 2015/2016, спроведува настава по предметната програма Основи на правото на индустриска сопственост. На Факултетот за електротехника и информациски технологии е вклучена во реализацијата на студиите од втор циклус на насоката регулатива во енергетика, електронски комуникации и сообраќај (РЕЕКС), каде што од академската 2014/2015 ја изведува наставата по Основи на договорно и на потрошувачко право.

Кандидатката, од нејзиниот избор во звањето вонреден професор, била ментор на тројца кандидати и членка на комисија за оцена и одбрана на 37 магистерски трудови. Исто така, била член на комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација на тројца кандидати на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и еден кандидат на Универзитетот во Сараево, Босна и Херцеговина.

Кандидатката од нејзините почетни звања, активно учествува во развивањето на нови предметни програми на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и воведување нови и иновативни пристапи во изведувањето на наставата и спроведувањето на оценувањето на студентите. Исто така, кандидатката учествува во воспоставувањето правна клиника за ранливи групи, а од 2020 година е раководителка на клиниката.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Кандидатката д-р Неда Здравева е автор или коавтор на бројни книги, научни и стручни трудови. Кандидатката, по нејзиниот избор во звањето доцент, автор или коавтор е на 13 научни и стручни трудови, објавени во земјата и во странство. Трудовите се од областа на граѓанското право, посебно облигационото право, потрошувачкото право и правото на интелектуална сопственост.

Понатаму, кандидатката е коавтор на неколку книги, меѓу кои и рецензираниот универзитетски практикум „Основи на правото на интелектуална сопственост: практикум“, во издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (2011 година).

Кандидатката е учесник во национални и меѓународни научни проекти. Таа, како предавач, односно излагач, учествува на летни школи, советувања, конференции, обуки, работилници и научни и стручни собири.

Кандидатката, од нејзиниот избор во звањето вонреден професор, остварила два студиски престоја на Институтот „Европа“ при Универзитетот во Саарланд, Германија.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Што се однесува до стручно-апликативната дејност, кандидатката била и континуирано останува вклучена во изработката на законски и подзаконски текстови, стратегии и стручни и експертски анализи.

Кандидатката е член на Работната група за изработка на третата книга на Граѓанскиот законик на Република Македонија – облигациони односи и е секретар на Комисијата за изработка на Граѓанскиот законик. Исто така, кандидатката учествува во изработката на Законот за заштита на потрошувачите, Законот за општа безбедност на производите и Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, а исто така е експерт во изработката на Стратегија за заштита на потрошувачите.

Кандидатката е коуредник на серијата книги “European Union and its Neighbours in a Globalized World” на издавачот Springer Nature Switzerland AG, од основање на серијата во 2018 година.

Кандидатката е активно вклучена во работата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Во периодот октомври 2016 – март 2017 година, таа е в.д. продекан за настава, во периодот март 2017 – ноември 2018 година е продекан за настава, а во периодот ноември 2018 – март 2021 година, таа е продекан за финансии. Во 2019 и 2020 година, кандидатката е членка на Универзитетската конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Таа активно учествувала во подготовката на повеќе меѓународни стручни и научни конференции и собири.

Забележителна е активноста на кандидатката во создавањето на Мрежата на правни факултети на Југоисточна Европа, а од април 2011 е генерален секретар на Центарот на мрежата на правни факултети на Југоисточна Европа, чие седиште е на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Кандидатката учествувала во низа промотивни активности на Факултетот и на Универзитетот.

Вреди да се спомнат и активностите од поширок интерес во кои е вклучена кандидатката. Така, таа е членка на Комисијата за одлучување по барањата за зголемување на формираната цена на лек (во мандатните периоди 2019 – 2021 и 2021 – 2024), членка на Меѓународната група експерти по член 1, став 3 (ж) од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на привремената спогодба од 1995 г. и за воспоставување стратешко партнерство меѓу страните, претседателка е на Управниот одбор на Хелсиншкиот комитет за човековите права во Скопје и основач е и член на огранокот на Меѓународниот форум за управување со Интернет.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

На анонимно спроведените анкети на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на првиот и на вториот циклус правни студии, каде што ја изведува наставата, кандидатката е континуирано позитивно оценувана со високи просечни оценки.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија со внимание ја разгледа пријавата на кандидатката д-р Неда Здравева. По увидот во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатката, Рецензентската комисија наоѓа дека кандидатката д-р Неда Здравева ги исполнува условите да биде избрана во звањето редовен професор на научната област граѓанско материјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, како и врз основа на личното познавање на кандидатката, Комисијата заклучи дека д-р Неда Здравева поседува научни и стручни квалитети во изведувањето на разни видови високообразовна дејност и според Законот за високото образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и општите акти на Универзитетот и на Факултетот, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област граѓанско материјално право.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Неда Здравева да биде избрана во звањето редовен професор во научната област граѓанско материјално право.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Гале Галев, с.р.**
**Проф. д-р Родна Живковска, с.р.**
**Проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, с.р.**

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Неда Христо Здравева

**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Научна област:** граѓанско материјално право

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,62<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,90<br>Просечниот успех изнесува ___________за интегрираните студии. | ДА, иако нерелевантно за кандидатот согласно чл. 166 ст. 5 ЗВО |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: граѓанско материјално право; поле: правни науки; подрачје: општествени науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | ДА (в. Образец 2) |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови | ДА (в. Образец 2) |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | ДА (в. Образец 2) |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | ДА (в. Образец 2) |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| | | |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Основи на правото на интелектуална сопственост: практикум (коавтор)<br>2. Место и година на објава: Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2011 | ДА |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 24.2.2017 (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1139 од 1.2.2017 година). | ДА |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.
***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Гале Галев, с.р.**
**Проф. д-р Родна Живковска, с.р.**
**Проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, с.р.**

**О Б Р А З Е Ц 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** д-р Неда Христо Здравева

**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Научна област:** граѓанско материјално право

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава** | |
| 1.1. | **Од прв циклус студии**<br><br>**Облигационо право**<br><br>учебна 2016/2017 2,66*15*0,04 = 1,6<br>учебна 2017/2018 2,66*15*0,04 = 1,6<br>учебна 2018/2019 2,66*15*0,04 = 1,6<br>учебна 2019/2020 2,66*15*0,04 = 1,6<br>учебна 2020/2021 2,66*15*0,04 = 1,6<br><br>**Основи на право на индустриска сопственост (Машински факултет)**<br><br>учебна 2016/2017 4*15*0,04 = 2,4<br>учебна 2017/2018 4*15*0,04 = 2,4<br>учебна 2018/2019 4*15*0,04 = 2,4<br>учебна 2019/2020 4*15*0,04 = 2,4<br>учебна 2020/2021 4*15*0,04 = 2,4 | 20 |
| 1.2. | **Од втор циклус студии**<br><br>**Мастер: Граѓанско материјално право и Граѓанско процесно право**<br><br>**Договорно право**<br><br>учебна 2016/2017 1,66*15*0,05 = 1,25<br>учебна 2017/2018 1,66*15*0,05 = 1,25<br>учебна 2018/2019 1,66*15*0,05 = 1,25<br>учебна 2019/2020 1,66*15*0,05 = 1,25<br>учебна 2020/2021 1,66*15*0,05 = 1,25<br><br>**Граѓанско право – применета програма**<br><br>учебна 2016/2017 0,33*15*0,05 = 0,25<br>учебна 2017/2018 0,33*15*0,05 = 0,25<br>учебна 2018/2019 0,33*15*0,05 = 0,25 | 25,35 |

| | | |
|---|---|---|
| | учебна 2019/2020 0,33*15*0,05 = 0,25<br>учебна 2020/2021 0,33*15*0,05 = 0,25<br><br>**Право на интелектуална сопственост (изборен од модул А – граѓанско материјално право)**<br><br>учебна 2016/2017 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2018/2019 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2019/2020 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2020/2021 0,23*15*0,05 = 0,17<br><br>**Отштетно право (изборен од модул А – граѓанско материјално право)**<br><br>учебна 2016/2017 1,16*15*0,05 = 0,87<br>учебна 2017/2018 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2018/2019 1,16*15*0,05 = 0,87<br>учебна 2019/2020 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2020/2021 0,23*15*0,05 = 0,17<br><br>**Право на интелектуална сопственост (опционен)**<br><br>учебна 2020/2021 0,23*15*0,05 = 0,17<br><br>**Отштетно право (опционен)**<br><br>учебна 2016/2017 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2017/2018 0,23*15*0,05 = 0,17<br><br>**Потрошувачко право (опционен)**<br><br>учебна 2016/2017 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2017/2018 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2018/2019 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2019/2020 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2020/2021 0,23*15*0,05 = 0,17<br><br>**Интернет-право (опционен)**<br><br>учебна 2017/2018 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2019/2020 0,23*15*0,05 = 0,17<br>учебна 2020/2021 0,23*15*0,05 = 0,17<br><br>**Право на осигурување и обезбедување трансакции (опционен)**<br><br>учебна 2020/2021 0,06*15*0,05 = 0,05<br><br>**Мастер: Деловно право**<br><br>**Право на интелектуална сопственост**<br><br>учебна 2016/2017 1,66*15*0,05 = 1,25 | |

| | | |
|---|---|---|
| | учебна 2017/2018 2,5*15*0,05 = 1,875<br>учебна 2018/2019 2,5*15*0,05 = 1,875<br>учебна 2019/2020 2,5*15*0,05 = 1,875<br>учебна 2020/202021 2,5*15*0,05 = 1,875<br><br>**Мастер: Право на интелектуална сопственост**<br><br>**Introduction to Intellectual Property Law**<br><br>учебна 2016/2017 0,73*15*0,05 = 0,55<br><br>**Copyright and Related Rights**<br><br>учебна 2016/2017 1,46*15*0,05 = 1,1<br><br>**Мастер: Регулатива во енергетика, електронски комуникации и сообраќај (РЕЕКС)**<br>**Основи на договорно и на потрошувачко право**<br><br>учебна 2018/2019 0,4*15*0,05 = 0,3<br>учебна 2019/2020 0,4*15*0,05 = 0,3 | |
| 2. | **Настава во школи и работилници** | |
| 2.1. | **Раководител**<br>„Вовед во Европската конвенција за човекови права и Европскиот суд за човекови права“, Council of Europe, HELP Programme, 2020. | 1,5 |
| 2.2. | **Учесник**<br>Лето 2018: предавање на летна школа: European Competition Law & Protection of Intellectual Property Rights, SEE \| EU Cluster of Excellence in European and International Law, на тема: „European Union Trade Mark”, Саарбрукен, Германија. | 1 |
| 3. | **Консултации со студенти**<br><br>учебна 2016/2017 200*0,002 = 0,4<br>учебна 2017/2018 200*0,002 = 0,4<br>учебна 2018/2019 200*0,002 = 0,4<br>учебна 2019/2020 200*0,002 = 0,4<br>учебна 2020/2021 200*0,002 = 0,4 | 2 |
| 4. | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд**<br><br>4*0,7 | 2,8 |
| 5. | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд**<br><br>37*0,3 | 11,1 |
| 6. | **Интерна скрипта од вежби** | |
| 6.1. | Заштита на ранливи потрошувачи, Клиника за ранливи групи ( 2019) | 3 |
| | **Вкупно** | **66,75** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на магистерски труд**<br><br>3*2 | 6 |
| 2. | **Учесник во национален научен проект** | |
| 2.1. | Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2016 – 2021. | 3 |
| 3. | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| 3.1. | CABUFAL: Capacity Budling of the Faculty of Law; University of Podgorica, Faculty of Law; Erasmus + Programme | 5 |
| 3.2. | SEE \| EU Cluster of Excellence in European and International Law; Saarland University, SEELS Network | 5 |
| 3.3. | Modernizing European Legal Education, Consortium lead Saarland University, Erasmus + Programme | 5 |
| 3.4 | Legal harmonization and capacity building for market surveillance<br>EuropeAid/138787/DH/SER/MK | 5 |
| 3.5. | Nordic Support for the Progress of North Macedonia, UNOPS | 5 |
| 4. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | |
| 4.1. | DUTY OF INFORMATION DISCLOSURE IN THE CONCLUSION OF CONSUMER CONTRACTS - IMPLEMENTATION OF THE EU LAW STANDARDS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA (ко-автор); Iustinianus Primus Law Review; Vol. 8, No. 1 (2017); | 4,5 |
| 4.2. | THE CHILDREN IN THE MACEDONIAN TORT LAW (автор), Balkan Social Science Review, Vol. 17 (2021); | 5 |
| 4.3. | FREEDOM OF EXPRESSION VS. RIGHT TO PRIVACY: THE ROLE OF ECHR IN MODELLING CIVIL LIABILITY FOR DAMAGE (автор); Conference Proceedings “70 years of the European Convention on Human Rights”, Iustinainus Primus Law Review, 2020, Special Issue | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 4.4 | CIVIL LAW ASPECTS OF THE EXERCISE OF THE FREEDOM OF ASSEMBLY IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA (автор), Iustinianus Primus Law Review, Vol. 12, No. 1 (2021) | 5 |
| 4.5. | LIABILITY FOR IMMATERIAL DAMAGE FOR THE BREACH OF THE MORAL RIGHTS ON INTELLECTUAL CREATIONS IN THE MACEDONIAN LAW (автор); International magazine for Social Sciences “VIZIONE “ Skopje, Vol. 37 / 2021 | 5 |
| 4.6. | DIGITAL CONTENT CONTRACTS AND CONSUMER PROTECTION: STATUS QUO AND WAYS FURTHER (автор); 5th International Scientific Conference on EU and comparative law issues and challenges “EU 2021 – The future of the EU in and after the pandemic”; ECLIC, Vol. 5 (2021) | 5 |
| 5. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | |
| 5.1. | ПРАВДАТА И СПРАВЕДЛИВОСТА КАКО ВРЕДНОСНИ ПРИНЦИПИ НА ПРАВОТО (коавтор); Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје во чест на проф. д-р Марјан Марјановски, том 56., Скопје, 2017. | 4,5 |
| 5.2. | УГЛЕД И ЧЕСТ“ ИЛИ „НАВРЕДА И КЛЕВЕТА“ – ОДГОВОРНОСТА НАСПРОТИ ЗАКОНСКОТО УРЕДУВАЊЕ (автор); Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје во чест на проф. д-р Миодраг Мицајков, том 58, Скопје, 2018. | 5 |
| 6. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД** | |
| 6.1. | THE CONSUMERS ON THE NEW MARKETPLACE: NOVELTIES IN THE PROTECTION OF CONSUMERS IN CONSUMER CONTRACTS (автор); Journal of Kadir Has University Faculty of Law, vol. IX, s. 1 (2021) | 5 |
| 6.2. | LIABILITY FOR DAMAGE AS A REMEDY FOR INFRINGEMENT OF DATA PROTECTION RIGHTS – IMPLICATIONS FOR LEGISLATION AND PRACTICE IN NORTH MACEDONIA (автор); SEE \| EU Cluster of Excellence in European and International Law (Ed.) SERIES OF PAPERS, vol. 6 (2021) | 5 |
| 7. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | |
| 7.1. | LIABILITY FOR CONSTRUCTION WORKS UNDER THE MACEDONIAN LAW (автор); in Inal E., Baysal B. (ed.) Proceedings from the International Symposium Construction Law; Onikilevkha, Istanbul, 2018 | 5 |
| 8. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 8.1. | TOBACCO PRODUCTION AND TRADE IN MACEDONIA - THE LEGAL FRAMEWORK AND POLICY IN LIGHT OF ACCESS TO THE EU AND THE GLOBAL MARKETS (автор); in Popovic D. (ed.), Legal Implications of Trade Liberalization under SAAS and CEFTA; University of Belgrade, Faculty of Law, Belgrade; 2018 | 2 |
| 8.2. | ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА НОВИОТ ПРИСТАП ВО УРЕДУВАЊЕТО НА ТРГОВСКИТЕ МАРКИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА; Изазови права интелектуалне својине у 21. веку: Зборник реферата по позиву са научног скупа у част проф. др Божина Влашковића одржаног 23. новембра 2019. година на Правном факултету у Крагујевцу, 2019 | 2 |
| 9. | **Рецензија на научен/стручен труд**<br><br>2*0,2 | 0,4 |
| 10. | **Пленарни предавања на научен/стручен собир** | |
| 10.1. | Есен 2019: учество и излагање на научен собир „Предизвици на правата на интелектуална сопственост во 21 век“, Крагуевац, Република Србија. | 2 |
| | Зима 2020: учество и излагање на стручен собир на тема „Авторскоправна заштита на дела во областа на новинарството“, Здружение на новинари, 2020. | 2 |
| | Зима 2020: Заштита на потрошувачите на онлјан пазарите, Регионална конференција на Форумот за управување со интернет. | 2 |
| 10.2. | Пролет 2021: учество на советување со излагање на тема „Одговорност во правната професија“, Академија за обука на судии и јавни обвинители, 2021. | 2 |
| 11. | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| 11.1. | Есен 2019: Учество на годишна Меѓународна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје “Transition of Legal Systems – 30 Years after the Fall of the Berlin Wall”, со излагање на тема: Liability for Non-Conformity of Goods under the Sales Contract in the Macedonian Law in Light of the Developments in the EU and the International Contract Law | 2 |
| 11.2 | Есен 2020: учество на годишна Меѓународна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје „70 years of the European Convention on Human Rights”, со излагање на тема: Freedom of Expression vs. Right to Privacy: The Role of ECHR in Modelling Civil Liability for Damage | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 11.3 | Пролет 2021: учество на 5th International Scientific Conference on EU and comparative law issues and challenges “EU 2021 – The future of the EU in and after the pandemic” Faculty of Law, University of Osijek со излагање на тема: Digital Content Contracts and Consumer Protection: Status Quo and Ways Further | 2 |
| | **Вкупно** | **106,4** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Студија, физибилити-студија, истражување на пазарот** | |
| 1.1. | Учесник/соработник<br><br>Универзитетската автономија во македонското високо образование; Фондација „Отворено општество – Македонија“, Скопје, 2019 | 1 |
| 2. | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот**<br><br>5*0,5 | 2,5 |
| 3. | **Член во комисија за изработка на закон** | |
| 3.1. | 2018 – тековно: член на Работна група за изработка на нов Закон за заштита на потрошувачите | 4 |
| 3.2. | 2020 – тековно: член на Работна група за изработка на Закон за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство | 4 |
| 3.3. | 2019 година: член на Работна група за изработка на Закон за општа безбедност на производите | 4 |
| 3.4. | 2018 година: член на Работна група за финализирање на Предлог-законот за облигационите односи | 4 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 4. | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание** | |
| 4.1. | Коуредник на “European Union and its Neighbours in a Globalized World” на издавачот Springer Nature Switzerland AG | 1 |
| 5. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир** | |
| 5.1. | Член на Организационен одбор за Годишна научна конференција 2018 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје | 1 |
| 5.2. | Член на Организационен одбор за Годишна научна конференција 2019 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје | 1 |
| 5.3. | Член на Организационен одбор за Годишна научна конференција 2020 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје | 1 |
| **6.** | **Студиски престој во странство** | |
| 6.1. | Лето 2018: Еуропа-институт, Универзитет Саарланд, Германија | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 6.2. | Лето 2019: Еуропа-институт, Универзитет Саарланд, Германија | 0,5 |
| **7.** | **Продекан** | |
| 7.1. | Продекан за настава, продекан за финансии | 4 |
| **8.** | **Член на Универзитетска комисија** | |
| 8.1. | Универзитетска конкурсна комисија, 2019 | 1 |
| 8.2. | Универзитетска конкурсна комисија, 2020 | 1 |
| **9.** | **Член на факултетска комисија** | |
| 9.1. | Факултетска конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии во учебната 2017/2018 | 0,5 |
| 9.2. | Факултетска конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии во учебната 2018/2019 | 0,5 |
| 9.3. | Факултетска конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии во учебната 2019/2020 | 0,5 |
| 9.4. | Факултетска конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии во учебната 2020/2021 | 0,5 |
| 10. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| 10.1. | Членка на Комисијата за одлучување по барањата за зголемување на формираната цена на лек | 1 |
| 10.2. | Членка на Меѓународната група експерти по член 1, став 3 (ж) од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на привремената спогодба од 1995 г. и за воспоставување стратешко партнерство меѓу страните | 1 |
| 10.3. | Членка на Правна група на Организацијата на потрошувачите на Република Македонија | 1 |
| 10.4. | Претседателка на Управен одбор на Хелсиншки комитет за човекови права | 1 |
| 10.5. | Членка на национален огранок на Форум за управување со Интернет | 1 |
| | **Вкупно** | **37,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **66,75** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **106,4** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **37,5** |
| **Вкупно** | **210,65** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Гале Галев, с.р.**
**Проф. д-р Родна Живковска, с.р.**
**Проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ КАКО СТРАТЕШКА ОПЦИЈА ЗА СОЦИЈАЛНИОТ И ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ НА ПОЛОШКИОТ РЕГИОН“ ОД М-Р ЗЕЈНЕДИЈЕ АДЕМИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 1.7.2021 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Зејнедије Адеми со наслов „Руралниот туризам како стратешка опција за социјалниот и економскиот развој на Полошкиот Регион“, во состав: проф. д-р Ристо Мијалов (претседател), проф. д-р Никола Панов (ментор), проф. д-р Мирјанка Маџевиќ (член), проф. д-р Милена Талеска (член) и проф. д-р Цане Котески (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Зејнедије Адеми, со наслов „Руралниот туризам како стратешка опција за социјалниот и економскиот развој на Полошкиот Регион“, содржи 192 страници компјутерски обработен текст во фонт GEORGIJA, со 1,15 проред и големина на букви 11, со 111 библиографски единици, меѓу кои научни трудови, статии, книги, национални прописи, интернет-ресурси и др. Трудот е структуриран во седум глави, не вклучувајќи ги: апстрактот, клучните зборови, воведот и заклучокот. Покрај тоа, во трудот посебно се наведени списоците на дадените табели, графикони, слики и карти. Деловите во главите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјалот кој е обработен во истражувањата.

Во **првата глава,** м-р Адеми ни го претставува методолошкиот пристап во научноистражувачката работа, како што се прегледот на достигнувањата во соодветната научна дисциплина, а кои се поврзани со предметот на истражувањето, предметот и целите на истражувањето, планот на истражувањето со сите негови фази, како што се: фазата на подготовка, фазата на обработка на податоците и фазата на објавувањето на резултатите и изведувањето на заклучоците, образложението на работните тези, односно научноистражувачкиот материјал, потоа следуваат хипотетската и методолошката рамка, во која глава станува збор за методот на анализа и синтеза, математичко-статистичкиот метод, методот на оценка и валоризација, информатичкиот метод, методот на прогноза и методот на анкета за, на крајот од главата, кандидатката да го изложи очекуваниот научен придонес, како и примената на резултатите од истражувањето.

Во **втората глава** станува збор за природно-географските карактеристики на регионот кои кандидатката ги обработила мошне студиозно и детално. Притоа, овде станува збор за географската положба која кандидатката ја оценува како исклучително поволна, границите и големината на регионот, релјефните карактеристики, и тоа како макрорелјефните (котлини, планински масиви, клисури) и сл.), така и микрорелјефните карактеристики со сите нивни облици и форми, климатските карактеристики со најважни елемнти и појави како што се: температурата на воздухот, врнежите, ветровите, влажноста на воздухот, осончувањето и др. , хидрографските карактеристики со сите протечни води, извори, врела, како и сите природни и вештачки акумулации. Притоа, овде се обработени 15 најважни хидрографски објекти. Во

последниот дел од главата, Адеми го анализира и го презентира педолошкиот состав, како и биогеографските карактеристики на Полошкиот Регион, односно постојната флора и фауна со сите нивни карактеристики.

Во **третата глава** се дефинираат карактеристиките на руралниот туризам и неговата суштина, почетоците на развојот на руралниот туризам во Европа и во нашата земја, како и видовите туризам кои се во најнепосредна поврзаност со руралните средини, како што се: ловниот, селскиот, фармерскиот, екотуризмот, гастрономијата како и некои други видови туризам, од кои како најкарактеристични се обработени планинскиот туризам, трекингот, геотуризмот, манастирскиот туризам, параглајдерството и некои други. Покрај тоа, во оваа глава се прикажува и анализира законската рамка на руралниот туризам во нашата земја, потоа досегашните програми за поддршка и развој на руралниот туризам, како и институционалната рамка на државно, регионално и на локално ниво.

Во **четвртата глава** се обработени социо-географските карактеристики како еден од главните фактори за развојот на туризмот во Полошкиот Регион. Овде кандидатката подетално ги обработува демографските карактеристики, односно динамиката на населението, населението според половата припадност, населението според староста и старосните групи, образовната структура, природниот прираст, етничката структура, населението според активностите, потоа бројот и структурата на домаќинствата, миграциите и, на крајот, а што е најбитно за темата, руралните населби со сите нивни бројни, популациски и функционални обележја, како и руралната традиционална архитектура во регионот. Секако дека, слично како и во претходните глави, кандидатката сите овие карактеристики ги става во функција на социјалниот и економскиот развој на регионот.

Во **петтата глава** станува збор за економските карактеристики на Полошкиот Регион во функција на руралниот туризам, при што кандидатката ги обработува примарните (полјоделство, сточарство, овоштарство, шумарство и др.), секундарните (индустрија, градежништво, рударство и др.), терцијарните и квартарните дејности (сообраќај, туризам, образование и култура, здравство и др.) и нив ги става во функција на руралниот туризам, како и на некои други видови туризам кои се во најнепосредна врска со него.

Во **шестата глава**, која е воедно и една од најбитните во врска со насловот на темата, како и со научноистражувачкиот процес, станува збор за карактеристиките на руралниот туризам во Полошкиот Регион. Така, овде се прикажува моментната состојба на руралниот туризам во регионот, карактеристиките на останатите видови туризам, а кои се дефинирани во претходните поглавја, потоа потенцијалните локалитети за развојот на руралниот туризам, угостителските капацитети во руралните подрачја во регионот, културно-историските споменици, етно-социјалните туристички мотиви во функција на руралниот туризам, како и манифестациите во руралните средини кои, исто така, се ставени во функција на руралниот туризам.

Во оваа глава детално се прикажани поголем број рурални населби кои, според кандидатката, имаат некоја историја во развојот на овој вид туризам, како што се најголемиот дел од селата во Реканскиот предел, потоа оние кои се распространети на падините на Шар Планина, Кораб и др. Во овој дел станува збор и за одликите на биодиверзитетот, како и за некои од останатите елемнти кои се поврзани со животната средина. На крајот од оваа глава, кандидатката дава детален преглед на потенцијалните локалитети за развојот на руралниот туризам, при што се потенцирани десет најкарактеристични вакви локалитети.

Во **седмата глава** се истакнати иновациите и перспективите на руралниот туризам во регионот, како што се: туристичките производи и услуги, маркетингот во руралната средина на Полошкиот Регион, туристичката политика, односно свесната активност на државата и општеството во областа на туризмот и угостителството, како и мерките кои се преземаат во врска со тоа (давање наменски субвенции, преференцијални кредити, воведување даночни олеснувања и сл.), иновациите во руралниот туризам (туристички информативни центри,

водички служби и сл.) и перспективите на руралниот туризам во Полошкиот Регион и руралниот туризам и заштитата на животната средина.

На крајот следуваат заклучните согледувања, библиографијата во која се цитирани 111 библиографски единици, како и соодветен број прилози, а наведени се и некои други користени извори од најразлични реномирани сајтови.

**Предмет на истражување**

Предметот на истражување во дисертацијата, како што можеше да се проследи од анализата на трудот, е експлицитно поврзан со можностите за подобар социјален и економски развој на Полошкиот Регион, а сето тоа низ развојот и унапредувањето на одреден број облици на туристички активности и туристички промет кои, барем досега, биле многу малку или воопшто истражувани во регионот за кој станува збор. Сепак, овде најголем акцент е ставен врз можноста за развојот на руралниот туризам кој, според проценката на кандидатката, претставува една од најповолните опции за туристичкиот развој на Полошкиот Регион, односно за негов побрз социјален и економски развој.

**Податоци за состојбата на регионот во која е работена дисертацијата**

Регионот во кој е работена дисертацијата е еден од најзначајните во нашата земја, и тоа како по бројните природни и стопански ресурси, така и по бројот на популацијата која живее во него, односно тој е еден од најгусто населените во државата. Со самото тоа, неговиот побрз социјален и економски развој е еден од приоритетите за негово нормално функционирање. Со оглед на тоа дека во поголемиот дел од регионот, барем досега, многу малку се посветувало внимание на алтернативните форми на туризмот, а најмногу на руралниот, кандидатот, според претходните податоци и малиот број истражувања на оваа проблематика, заклучил дека истражувањата во оваа област ќе дадат соодветен придонес не само за развојот на туризмот, туку и за сеопштиот социјален и економски развој на регионот.

**Краток опис на применетите методи**

Во однос на методолошкиот пристап во научноистражувачката работа, односно применетите методи на истражувањето, кандидатката употребила методи кои се стандардни во истражувањето на проблематиката за којашто станува збор. Во таа насока, м-р Адеми ги систематизирала следниве фази и методи: фазата на подготовка, фазата на теренските истражувања, фазата на обработка на податоците и фазата на објавувањето на резултатите и изведувањето на заклучоците, фазата на образложението на работните тези, односно научноистражувачкиот материјал, потоа хипотетската и методолошката рамка, во која глава станува збор за следниве методи: методот на анализа и синтеза, математичко-статистичкиот метод, методот на оценка и валоризација, информатичкиот метод, методот на прогноза и методот на анкета за, на крајот, да го изложи очекуваниот научен придонес, како и примената на резултатите од истражувањето.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Руралниот туризам во Полошкиот Регион е идентификуван како потенцијал за социјалниот и економскиот развој на скоро сите општини кои се наоѓаат во негови рамки. Најголемата предност за развојот на овој вид туризам се големиот број на рурални населби, потоа сè уште големиот број млада популација којашто живее во нив, постоењето на патна инфраструктура, исклучително големиот број природни потенцијали, како и бројните етносоцијални специфичности и различности. Истражувањата во рамките на докторатот покажуваат голем број пречки за развој на овој вид туризам, како што се: недоволната ангажираност на централните и локалните власти, непостоењето на организираност и претприемливост во руралниот туризам, како и ниската активност на невладиниот сектор. Токму од овие причини, кандидатката проценила дека Полошкиот Регион се развива со многу тешкотии бидејќи, покрај другото, не располага ниту со соодветен кадар, има недостиг на финансиски ресурси за вршење на продлабочени анализи на дејноста, долгорочното планирање и квалитетот на маркетингот. Во таа насока, кандидатката се концентрирала токму

на овие слабости, што покажуваат и резултатите во нејзиното обемно истражување. Како едни од најбитните резултати од истражувањето се: подобрување на статистичката база на податоците за објектите кои нудат рурален туризам, покренување иницијатива за здружување на претприемачкиот сегмент на регионално и на локално ниво, предлог за поголемо искористување на европските фондови за развој на руралниот туризам, иницијатива за обука од страна на високообразовните и квалификувани институции и надлежните министерства, како и иницијатива за отворање сектори за туризам во состав на општините кои планираат, покрај другите, да го развиваат и руралниот туризам и др.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката Зејнедије Адеми, со наслов „Руралниот туризам како стратешка опција за социјалниот и економскиот развој на Полошкиот Регион“, претставува истражување од областа на туризмот, односно руралниот туризам, преку кој се презентираат, се анализираат и се ставаат во функција на социјалниот и економскиот развој на Полошкиот Регион најкарактеристичните одлики на регионот кои, по својата природа, се најблиски на оваа терцијарна дејност и кои во иднина ќе придонесат за општиот стопански развој на регионот. Темата на докторската дисертација ги исполнува поставените цели и задачи и, во таа насока, има соодветен научен и практичен придонес во оваа област.

Докторската дисертација на кандидатката Зејнедије Адеми, со наслов „Руралниот туризам како стратешка опција за социјалниот и економскиот развој на Полошкиот Регион“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува условите, критериумите и стандардите за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

1. Ademi Z.,(2017). *The comparative analysis between winter sports centre Popova Sapka and sports centre Brezovica,* DOI:http://dx.doi.org/10.18509/GBP.2017.24.
2. Ibraimi R., Ademi Z., Mustafi M.,(2019), *Tourist lolocalities in Sharr mountain, Journal of Natural Sciences and Mathematics of UT,* Vol.4, N0. 7-8,2019, 139, UDC:338.48-44(497.7:23).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во врска со темата на докторската дисертација под наслов „Руралниот туризам како стратешка опција за социјалниот и економскиот развој на Полошкиот Регион“, изработена од страна на м-р Зејнедије Адеми, Комисијата смета дека оваа тема во целост одговара на истражувачката и научноистражувачката работа на кандидатката, односно на досегашните истражувања на овој простор, презентирани преку претходни соодветни трудови и семинарски работи.

Притоа можеме да истакнеме дека методологијата во целост одговара на насловот на темата, како од стручен така и од научноистражувачки аспект, при што се опфатени скоро сите содржини кои соодветствуваат на него, а во неа се користени и голем број научни и истражувачки сознанија и од некои други научни дисциплини, а пред сѐ од географијата. Исто така, цениме дека овој труд ќе даде голем придонес за развојот на туризмот во Полошкиот Регион, особено за развојот на руралниот туризам, за кој досега немаме некои подетални истражувања како што се тие презентирани во содржината на предлогот на дисертацијата.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Зејнедије Адеми** со наслов „Руралниот туризам како стратешка опција за социјалниот и економскиот развој на Полошкиот Регион“.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ристо Мијалов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Никола Панов, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Мирјанка Маџевиќ, член, с.р.**
**Проф. д-р Милена Талеска, член, с.р.**
**Проф. д-р Цане Котески, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „МЕНАЏМЕНТ ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА“ ОД АВТОРИТЕ ЈУЛИЈАНА НИКОЛОВСКА И ВЛАТКО КОКОЛАНСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на 37. редовна седница одржана на 28.4.2021 година, бр. 02-1013/1 од 4.5.2021 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Менаџмент во стоматологијата“ од авторите: проф. д-р Јулијана Николовска и д-р Влатко Коколански, за предметот Менаџмент во стоматологијата, избрани се проф. д-р Мира Јанкуловска и проф. д-р Љубомир Дракулевски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при УКИМ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**I. ОПШТ ДЕЛ**

**<u>Основни податоци за ракописот</u>**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | **МЕНАЏМЕНТ ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА** |
| **Назив на предметната програма:** | Менаџмент во стоматологијата |
| **Назив на студиската програма:** | Наставните содржини од предметната програма се изучуваат на следните студиски програми од прв циклус студии: студиска програма за доктори по дентална медицина; студиска програма за стручни забни техничари и студиска програма за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози. |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | На студиската програма за доктори по дентална медицина, предметната програма е со 25 часа (15 часа теоретска настава и 10 часа семинари). На студиската програма за стручни забни техничари, предметната програма е со 30 часа (15 часа теоретска настава и 15 часа практична наст |
| Ракописот е наменет за студенти од студиска програма за доктори по дентална медицина, стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 150 страници (формат A4), напишани на компјутер со фонд Time New Roman, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 9 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи повеќе графикони, слики и табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Мира Јанкуловска, с.р.**
**Проф. д-р Љубомир Дракулевски, с.р.**

## II ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЉУБОМИР ДРАКУЛЕВСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Во ракописот МЕНАЏМЕНТ ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА, содржани се тематски наставни единици кои се распределени во 9 поглавја. Поглавјата се подредени по логичен редослед, започнувајќи од основните поими на менаџментот и менаџментот на системите за орална здравствена заштита. Прецизно и во детали е објаснета организацијата на здравствената заштита и моделите на оценка на здравствената состојба на населението и мерките на здравствена заштита.<br>Понатаму, авторите даваат осврт на лидерството како современ пристап во менаџментот, влијанието на менаџментот врз работната мотивација и улогата на менаџерот во стоматолошките здравствени системи.<br>На многу вешт и пластичен начин, авторите го објаснуваат стратегискиот менаџмент и маркетинг-менаџментот кој наоѓа примена во менаџментот во стоматологијата, со што суптилно ги објаснуваат активностите кои треба да ги презема еден добар менаџер. Како следствено продолжение на приложената материја, разработена е и деловната етика.<br>Во понатамошните методски единици следува објаснување на стратегиите за унапредување на оралното здравје на населението, нивното планирање, раководење и согледување на резултатите од нив.<br>Главната порака на ракописот е дека организацијата и управувањето не е само примена на едноставни шеми туку многу сложен систем во кој донесувањето на одлуките зависи од бројни фактори, меѓу кои се и ставовите и интересите на учесниците во системот. За полесно разбирање на четивото, текстот е подреден според текот на размислувањето кој се опишува како круг на менаџментот и управувањето: оценка на состојбата, преглед на мерките, планирање и управување, организација и реализација, развој и претприемаштво, вреднување и политика. Ова е значаен редослед на размислувањето кој треба да се регистрира и да се научи. На тој начин, кругот се претвора во спирала и се обезбедува напредок. |

| | |
|---|---|
| | Поголемиот дел од ракописот е посветен на јавноздравствените проблеми и предизвици во стоматологијата. Ракописот содржи слики, илустрации и табели со цел полесно разбирање на презентираната материја. Сосема на крај, приложена е литература која ја сочинуваат научни и стручни извори кои ги користеле авторите на овој ракопис. Таа изобилува со референци, списанија, учебници и учебни помагала од кои повеќето се од понов датум. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината на методските единици, нивната распределба и редослед сосема кореспондираат со програмата на предметот Менаџмент во стоматологијата која е предвидена за докторите по дентална медицина, стручните забни техничари и стручните стоматолошки сестри – орални хигиенолози. Исто така, одделни теми, наставни единици и поглавја може да бидат солидно помагало за студентите на втор циклус – магистерски студии, втор циклус стручни студии, специјалистички студии од областа на стоматологијата, чие поле на интерес е манаџментот во стоматологијата. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот МЕНАЏМЕНТ ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА е напишан на лесен и едноставен јазик, разбирлив за оние за кои е наменет. Стилот е јасен, а се одликува со стручно-научна конзистентност. Методските единици се логично распределени во поглавја, а поглавјата се надоврзуваат едни на други, започнувајќи од основните поими во менаџментот до нивна практична примена во здравствениот менаџмент. Во ракописот, содржините се дообјаснуваат со шеми, табели и сликовити прикази. Ваквиот приод, пред сè, е дидактички, но и најкорисен за учење, посебно за оние кај кои превалира визуелната меморија. Содржината на ракописот е комплетно усогласена со програмата предвидена на студиската програма за доктори по дентална медицина. Методските единици се обработени и претставени темелно со цел студентите полесно да го совладаат градивото по предметот Менаџмент во стоматологијата. |

| | |
|---|---|
| | Сепак, предвидениот учебник не е единствено наменет само за нив, туку треба да послужи и за студентите на втор циклус – магистерски студии, втор циклус стручни студии, како и лекарите на специјализација. Во суштина, ракописот ги содржи сите потребни елементи за да биде категоризиран во групата учебник. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Менаџмент во стоматологијата, примарно наменет за студентите на Стоматолошкиот факултет. |

Скопје, 26.8.2021 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Љубомир Дракулевски, с.р.**

## III ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р МИРА ЈАНКУЛОВСКА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Содржината на ракописот „Менаџмент во стоматологијата“ е распределена во 9 поглавја. Поглавјата со тематските наставни единици се подредени по логичен редослед, започнувајќи од основните поими на менаџментот и менаџментот на системите за орална здравствена заштита. Детално, на разбирлив начин се објаснети организацијата на здравствената заштита и моделите на оценка на здравствената состојба на населението и мерките на здравствена заштита.<br>Авторите даваат посебен осврт на лидерството како современ и практичен пристап во менаџментот, влијанието на менаџментот врз работната мотивација и улогата на менаџерот во стоматолошките здравствени системи.<br>Понатаму, авторите детално го објаснуваат стратегискиот менаџмент и маркетинг-менаџментот кој наоѓа примена во менаџментот во стоматологијата и притоа на многу вешт начин, суптилно ги објаснуваат и укажуваат на активностите кои треба да ги презема еден добар менаџер.<br>Во продолжение на приложената содржина, соодветно на профилот за кој е наменет ракописот, прилично е разработена и разбирливо пренесена материјата што се однесува на деловната етика.<br>Во понатамошните методски единици следува прецизно објаснување на стратегиите за планирање и унапредување на оралното здравје на населението, како и раководење и согледување на резултатите од нив.<br>Преку овој ракопис, авторите укажуваат на фактот дека организацијата и управувањето во јавното здравство не е обична примена на едноставни шеми и концепти. Имено, нивната порака до читателите е дека се работи за сложен систем, во кој донесувањето на одлуките зависи од многубројни фактори, меѓу кои како битни се истакнуваат и ставовите и интересите на учесниците во системот.<br>Целокупниот текст на ракописот е подреден на начин кој овозможува лесно разбирање на материјата што се обработува од областа на менаџментот и управувањето, и тоа: оценка на состојбата, преглед на мерките, планирање и управување, организација и реализација, развој и претприемаштво, вреднување и политика. Ова |

| | |
|---|---|
| | е значаен редослед на размислувањето кој треба да се регистрира и да се научи.<br>Ракописот, главно, во поголемиот дел е посветен на јавноздравствените проблеми и предизвици во стоматологијата.<br>Ракописот изобилува со слики, илустрации и табели, а сè со цел студентите полесно да ја разберат презентираната материја.<br>На крајот од ракописот е приложена литература сочинета од научни и стручни извори кои ги користеле авторите при неговото изготвување и таа е збогатена со референци, списанија, учебници и учебни помагала од кои повеќето се од понов датум. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината на методските единици, нивната распределба и редослед сосема кореспондираат со програмата на предметот Менаџмент во стоматологијата, која е предвидена за докторите по дентална медицина, стручните забни техничари и стручните стоматолошки сестри – орални хигиенолози. Одделни теми, наставни единици и поглавја можат да бидат солидно помагало за студентите на втор циклус – магистерски студии, втор циклус стручни студии и специјалистички студии од областа на стоматологијата, чие поле на интерес е манаџментот во стоматологијата. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот МЕНАЏМЕНТ ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА е напишан на едноставен и разбирлив јазик, целосно ја покрива предметната програма на предметот. Методските единици се обработени и претставени темелно, логично распределени во поглавја. Тие се надоврзуваат едни на други.<br>Содржината на ракописот е комплетно усогласена со програмата предвидена на студиската програма Доктори по дентална медицина. Методските единици се обработени и претставени темелно со цел студентите полесно да го совладаат градивото по предметот Менаџмент во стоматологијата. Сепак, предвидениот учебник не е единствено наменет само за нив, туку треба да послужи и за студентите на втор циклус – магистерски студии, втор циклус стручни студии, како и за лекарите на специјализација. Во суштина, ракописот ги содржи сите потребни елементи за да биде категоризиран во групата учебник. |

| | |
|---|---|
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Менаџмент во стоматологијата, примарно наменет за студентите на Стоматолошкиот факултет. |

Скопје, 26.8.2021 година

РЕЦЕНЗЕНТ
**Проф. д-р Мира Јанкуловска, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „УПРАВНО ВЕТЕРИНАРСТВО“ ОД АВТОРКАТА ПРОФ. Д-Р ЕЛЕНА ДАВИТКОВСКА

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина бр. 0202-920/5 од 8.7.2020 година, определен сум за рецензент на учебникот „Управно ветеринарство“, подготвен од проф. д-р Елена Давитковска.

Текстот содржи 250 страници текст, без содржина и библиографија.

Материјата е изложена во два дела, кои се поделени на глави – посебни тематски единици.

Првиот дел носи наслов „Основни поими на предметот Управно ветеринарство“ и се состои од вовед и четири посебни глави. Првата глава се однесува на дејноста на јавната администрација, во втората се обработуваат актите на администрацијата, во третата се обработува инспекцискиот надзор, додека, пак, во четвртата глава се анализира управната постапка.

Вториот дел со наслов „Основни поими и институти на управното ветеринарство“ содржи седум глави, кои се обработени преку анализата на најзначајните законски и подзаконски прописи кои го сочинуваат управното ветеринарство.

Така, во првата глава се обработува положбата и улогата на ветеринарната служба. Во оваа глава, обработени се положбата и улогата на АХВ, официјален и овластен ветеринар и другите надлежни органи за вршење на ветеринарната дејност. Тука авторката посебно се осврнува и на положбата и улогата на Ветеринарната комора.

Во втората глава се обработува здравствената заштита на животните и ветеринарното јавно здравство, со посебно истакнување на примарната, секундарната и терцијарната здравствена заштита на животните. Посебно се истакнуваат и видовите на ветеринарното јавно здравство, како и вршителите на примарното, секундарното и терцијарното ветеринарно јавно здравство.

Во третата глава се обработува заштитата и благосостојбата на животните, каде што посебно треба да се истакнат условите за заштита и благосостојба на животните.

Во четвртата глава се обработуваат ветеринарномедицинските препарати, посебно правилата и нормативите за нивното производство, употреба и промет.

Во петтата глава се обработува безбедноста за храна за животни, посебно за органите кои се надлежни за нејзино спроведување. Посебен акцент се става на условите за издавање на одобрение за објекти за производство, преработка и складирање на храна од животинско потекло.

Шестата глава е посветена на нуспроизводите од животинско потекло, особено на плановите за управување со нуспроизводите и условите за ставање во промет на производи и нуспроизводи од животинско потекло.

Последната седма глава од овој втор дел е посветена на системот на идентификација и регистрација на животни, и тоа на посебните правила за идентификација и регистрација на сите видови животни.

Во трудот посебно треба да се истакнат графиконите (60 на број) со кои авторката сака попластично да ги прикаже правните норми и односи на студентите и на пошироката стручна јавност.

Исто така, во текстот се дадени и 70 рамки (текст во рамка) со кои се истакнуваат најбитните поими, видови, карактеристики, елементи и дефиниции кои се однесуваат на правните норми, а посебно нормите со кои се регулираат областите од управното ветеринарство.

Текстот е работен согласно со силабусот (наставната програма) по предметот Управно ветеринарство, кој се изучува во петтата година според наставниот план на Факултетот за ветеринарна медицина.

Текстот е пишуван на лесен и разбирлив јазик и ги содржи сите елементи кои треба да ги содржи еден универзитетски учебник согласно со ЕКТ-системот.

Врз основа на изнесеното, му препорачувам на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина да ја усвои оваа рецензија, со што ќе се овозможи печатење на овој учебник, кој ќе биде од голем интерес како за подготвување на испитот од страна на студентите по ветеринарна медицина, така и за пошироката стручна јавност од ветеринарната струка.

**Рецензент**
**Проф. д-р Ристо Проданов, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „УПРАВНО ВЕТЕРИНАРСТВО“ ОД АВТОРКАТА ПРОФ. Д-Р ЕЛЕНА ДАВИТКОВСКА

Во согласност со Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, со која сум определена за рецензент на ракописот за учебник по предметот Управно ветеринарство, насловен „Управно ветеринарство“ од проф. д-р Елена Давитковска, јас, проф. д-р Ана Павловска Данева, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ во Скопје, го доставувам следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Текстот содржи 250 страници текст, без содржина и библиографија. Библиографијата ја сочинуваат вкупно 220 единици, од кои 14 се учебници и научни трудови, а 23 се законски и 183 подзаконски прописи.

Материјата е изложена во два дела. Првиот дел содржи вовед и четири глави.

Во воведот се обрнува внимание на дејноста на јавната администрација/управа воопшто, како и на дејноста на ветеринарната служба.

Во првата глава, по воведот, авторката дава преглед на дејностите на јавната администрација, со посебен фокус на управното ветеринарство.

Втората глава ги обработува актите на администрацијата, со посебен осврт на општите, посебните и материјалните/реалните акти, како и управните договори.

Третата глава е посветена на инспекцискиот надзор како посебен вид на надзор во кој учествуваат официјалниот и овластениот ветеринар.

Во четвртата глава се говори за управните постапки кои се водат во сферата на ветеринарната дејност. Во оваа глава, авторката ги изложува начелата на управната постапка, понатаму во истата глава таа ги изложува правилата за надлежностите во управната постапка, говорејќи конкретно за стварната и месната надлежност. Понатаму, во делот насловен „Комуникација помеѓу јавните органи и странките“, авторката ја елаборира комуникацијата меѓу јавните органи и странките согласно со Законот за општата управна постапка и посебните закони. Оттука, авторката преоѓа, во наредниот дел, на првостепената постапка согласно со Законот за општата управна постапка, но и согласно со законите од областа на ветеринарното здравство. Понатаму, авторката се фокусира на второстепената управна постапка, односно говори за жалбата до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Пред самиот крај, авторката говори за прекршочните постапки кои се водат во сферата на ветеринарното здравство (согласно со Законот за прекршоци и посебните закони), за во последниот дел да ја изложи правната заштита против првостепените прекршочни решенија.

Во вториот дел, авторката повеќе се фокусира на проблематиката опфатена во самиот учебник. Имено, вториот дел со наслов „Основни поими и институти на управното ветеринарство“ содржи седум глави, кои се обработени преку анализата на најзначајните законски и подзаконски прописи што го сочинуваат управното ветеринарство.

Така, во првата глава се обработува положбата и улогата на ветеринарната служба. Во оваа глава, посебно е обработена положбата и улогата на Агенцијата за храна и ветеринарство, но и на Ветеринарната комора.

Во втората глава се говори за здравствената заштита на животните и ветеринарното јавно здравство, со тоа што авторката дава преглед на примарната, секундарната и терцијарната здравствена заштита на животните. Посебно се истакнуваат и видовите на ветеринарното јавно здравство, како и вршителите на примарното, секундарното и терцијарното ветеринарно јавно здравство.

Во третата глава се обработуваат заштитата и благосостојбата на животните, а во четвртата глава се обработуваат ветеринарномедицинските препарати.

Во петтата глава се обработува безбедноста за храна за животни, посебно за органите кои се надлежни за нејзино спроведување.

Шестата глава е посветена на нуспроизводите од животинско потекло, особено на плановите за управување со нуспроизводите и условите за ставање во промет на производи и нуспроизводи од животинско потекло.

Седмата глава, која е и последна во вториот дел, се однесува на системот на идентификација и регистрација на животни, поточно на правилата за таа намена.

Вез основа на изнесеното, му препорачувам на ННС на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје да ја усвои оваа рецензија, со што ќе се овозможи студентите по ветеринарна медицина и стручната јавност од ветеринарната област да добијат учебник – текст со кој на единствен начин ќе можат да ја аплицираат својата дејност во согласност со важечките домашни и меѓународни прописи од оваа област.

**Рецензент**
**Проф. д-р Ана Павловска Данева, с.р.**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ЛЕКОВИТИ, АРОМАТИЧНИ И ЗАЧИНСКИ РАСТЕНИЈА“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ЗОРАН ДИМОВ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на ФЗНХ (бр. 02-254/4), донесена на редовната седница одржана на 7.6.2021 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Одгледување на лековити, ароматични и зачински растенија“, од авторот проф. д-р Зоран Димов, наменет за студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, за предметот Лековити и ароматични растенија, избрани се: проф. д-р Татјана Прентовиќ и проф. д-р Ромина Кабранова.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**I ОПШТ ДЕЛ**

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | „Одгледување на лековити, ароматични и зачински растенија“ |
| **Назив на предметната програма:** | Лековити и ароматични растенија |
| **Назив на студиската програма:** | - Хортикултура<br>- Екоземјоделство<br>- Квалитет и безбедност на храна |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | 3+2+2<br>6 ЕКТС |

Предметот Лековити и ароматични растенија, на студиската програма Хортикултура, е задолжителен предмет на модулот: градинарство и цвеќарство, со фонд на часови 3+2+2, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во VIII семестар.

Предметот Лековити и ароматични растенија е изборен предмет на студиската програма Хортикултура, на модулот: хортикултура, како и на студиската програма Екоземјоделство, и на студиската програма Квалитет и безбедност на храна, со фонд на часови 3+2+2, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во VIII семестар.

| | |
|---|---|
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 225 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 3 поглавја и содржи 5 слики и 14 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Татјана Прентовиќ, с.р.**
**Проф. д-р Ромина Кабранова, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ТАТЈАНА ПРЕНТОВИЌ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот „Одгледување на лековити, ароматични и зачински растенија“ е напишан на 225 страници во B5-формат со компјутерски обработен текст, со нормален проред во кој има 5 фотографии и 14 табели. Користената литература се состои од 272 библиографски единици. Содржината на ракописот се состои од:<br>- Општ дел<br>- Специјален дел<br>- Литература<br>- Табеларни прилози.<br>Во општиот дел, конципиран преку тринаесет потпоглавја, авторот систематски ни ја приближува и продлабочува темата преку запознавање со групата на лековити, ароматични и зачински растенија.<br>Во воведниот дел се истакнува важноста, значењето и дефинирањето на оваа голема група растенија кои во поновата литература се дефинирани со единствено име, како лековити. Историјатот на лековитите, ароматичните и зачинските растенија прикажан е хронолошки, преку нивното значење, користење и ботаничко класифицирање низ историските периоди од страна на големите познавачи од кинеската, грчката, римската и арапската цивилизација. Во содржината на ракописот е истакнато значењето на оваа група растенија за кои се претпоставува дека се околу 70 000 кои се користат во народната медицина, додека во извештаите на Светската здравствена организација се манипулира со бројка од 21 000 растителни видови кои се користат за медицински цели. Оттука и интересот за нив е сè поголем, со што оваа голема група растенија започнува да зафаќа сè поголем дел од пазарната економија преку учеството во трговијата. Авторот дава осврт и на состојбата со лековитите и ароматичните растенија во Република Северна Македонија, кои иако имаат традиција, плантажно се одгледуваат на површини од околу 300 ha. Останатото производство се базира на нивно собирање од дивата флора. Издвоени се видовите кои се култивираат на поголеми површини, како што се: афион, камилица, нане, планински чај, анасон, феникулум и др., кои доколку имаат извозна ориентираност, главно се извезуваат како суровина, а ретко како готов производ (чај, етерично масло и др.). Од друга страна, климатските и почвените услови кои постојат даваат гаранција дека потсекторот на лековити и ароматични растенија како стопанска дејност во државата нуди перспективи за развој и успешно производство на |

| | |
|---|---|
| | дел од оваа група растенија. Во содржината на ракописот се истакнати поимот и поделбата на растителните лековити суровини, значењето на народната и стручната номенклатура (именување на растенијата) и основните поими за активните материи на лековитите, ароматичните и зачинските растенија. Авторот ги истакнува принципите во производство на лековити, ароматични и зачински растенија, ја нагласува потребата од нивно плантажно одгледување на поголеми површини преку SWOT-анализата (предности, недостатоци, можности и закани), а ги образложува и потребните еколошки (температура, географска широчина, светлина, надморска висина, вода, почва, алелопатија) и антрополошки услови (селекција и создавање сорти/хибриди, време на размножување, ѓубрење, плодоред, наводнување, заштита, начин и време на прибирање) за нивно успешно производство. Воедно, тој ги објаснува и постжетвените постапки, како што се: сушење, сечење и ситнење, екстракција, пакување и чување на растителните лековити суровини. Во општиот дел се истакнати и принципите и насоките на двата понови, но глобално прифатени производни концепта – добрата земјоделска пракса (GAP - Good Agricultural Practices) и органското производство во производство и одгледување на лековитите и ароматични растенија кои се однесуваат на избор на производните површини, семето и садниот материјал, ѓубрењето, наводнувањето, мерките на нега и заштитата на растенијата заклучно со прибирањето, односно жетвата.<br>Во специјалниот дел, конципиран преку 32 потпоглавја, авторот ги подредува, ги групира и ги опишува поважните лековити, ароматични и зачински растенија. Во првата група се истакнати позначајни растенија кои содржат алкалоиди (базни азотни органски соединенија). Како најзначаен вид од оваа група е обработен афионот (Papaver somniferum L.) Во втората група се истакнати позначајни растенија кои содржат хетерозиди (глукозиди). Од оваа група растенија детално се обработени четири позначајни видови. Тоа се: млечен трн (Silybum marianum L. (Gaertn.), бел (жолт) синап (Sinapis alba L.), кантарион (Hypericum perforatum L.) и линцура (Gentiana lutea L.). Во третата група се обработени растенија што содржат сапонозиди (сапонински гликозиди), со детален опис на два растителни вида како едни од позначајните, и тоа: невен (Calendula officinalis L.) и сладок корен (Glycyrrhiza glabra L.). Во четвртата група е обработен белиот слез (Althaea officinalis L.), како претставник на групата растенија кои содржат |

| | |
|---|---|
| | слузни droги. Петтата група е најбројна и во неа се обработени ароматично-зачинските растенија (растенија со специфичен ароматичен мирис). Како позначајни од оваа група се издвојуваат: камилица (Chamomilla recutita L. (Rausch), нане (Mentha piperita L.), ангелика (Angelica archangelica L.), ким (Carum carvi L.), коријандер (Coriandrum sativum L.), феникулум (македонски анасон, морач, коморач) (Foeniculum vulgare Mill.), анасон (Pimpinella anisum L.), жалфија (Salvia officinalis L.), маточина (Melissa officinalis L.), тимјан (темјан) (Thymus vulgaris L.), изоп (Hyssopus officinalis L), босилек (Ocimum basilicum L.), чубрика (Satureja hortensis L), лаванда (Lavandula angustifolia Mill. (Lavandula officinalis Chaix.), бел (питом) пелин (Arthemisia absinthium L.), естрагон (Artemisia dracunculus L.), смиљ (Helichrysum italicum (Roth) G. Don) и коприва (Urtica dioica L.). За сите растенија во секоја од петте групи, преку користење на бројни литературни податоци извршен е детален опис на нивното стопанското значење, ботаничка класификација, морфолошки карактеристики, хемискиот состав и употрба, агроеколошките услови за одгледување и технологијата на одгледување (плодоред, обработка на почва, ѓубрење, размножување, мерки на нега и прибирање односно жетва). Во целокупната концепција на ракописот, авторот на крајот ги обработува етеричните масла кои претставуваат комплексна смеса од ароматични, лесно испарливи соединенија, кои настануваат како продукти на секундарниот метаболизам на лековитите и ароматичните растенија. Обработката се однесува на нивниот состав, начинот на добивање, методите на дестилација и екстракција.<br>Поглавјето „Литература“ е последното поглавје во ракописот, каде што авторот ги нотира трудовите што му помогнале во процесот на разработка и пишување на сите методски единици. Вкупниот број на цитирани библиографски единици изнесува 272.<br>Во последниот дел од ракописот се приложени три исклучително корисни табеларни прегледи на лековитите, ароматичните и зачинските растенија:<br>- Сумарен приказ од технологијата на одгледување на лековити, ароматични и зачински растенија;<br>- Листа на лековити, ароматични и зачински растенија според народните имиња;<br>- Листа на лековити, ароматични и зачински растенија според латинските имиња. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Учебникот „Одгледување на лековити, ароматични и зачински растенија“ е во целост усогласен со потребите за наставата на предметната програма. |

| | |
|---|---|
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот во целост ја покрива наставната програма по предметот Лековити и ароматични растенија на прв циклус студии. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Предложениот ракопис под наслов „Одгледување на лековити, ароматични и зачински растенија“ од авторот проф. д-р Зоран Димов е прво издание кое ја обработува оваа област и е во согласност со наставните програми на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Според концептуалната структура, обемот, пристапот на обработка и презентација на растенијата, сеопфатноста и користената литература, овој ракопис се категоризира како учебник.<br>Искрено се надевам дека овој ракопис, како иден учебник, освен што ќе биде од голема полза за студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, тој ќе биде исклучително корисен и за многу стручњаци и земјоделски производители кои ќе одлучат да се занимаваат со производство на некои од наведените алтернативни растенија. |

Имајќи ги во предвид гореизнесените факти, ја имам честа на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје да му го препорачам печатењето на ракописот „Одгледување на лековити, ароматични и зачински растенија“, чиј автор е проф. д-р Зоран Димов.

Скопје, 25 јули 2021 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Татјана Прентовиќ, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р РОМИНА КАБРАНОВА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Материјалот во учебникот е оформен согласно со наставната програма по предметот Лековити и ароматични растенија, кој се изучува како задолжителен предмет на студиската програма Хортикултура, за модулот: градинарство и цвеќарство и изборен предмет на студиската програма Екоземјоделство, Квалитет и безбедност на храна и Хортикултура, за модулот: хортикултура, како и на втор циклус студии. Согласно со дадената содржина на учебникот, материјалот е изложен во 3 (три) главни поглавја: Општ дел, Специјален дел и Литература. Секој дел е составен од поголем број на потпоглавја согласно со генералната поделба. Пред самата содржина на учебникот, даден е преглед на важни поими и нивно објаснување за читателите - Индекс на кратенки и поими.<br>Во првото поглавје – „Општ дел“, претставени се 13 (тринаесет) потпоглавја, низ кои авторот постепено нѐ запознава со групата на лековити, ароматични и зачински растенија. Во самиот „Вовед“, потенцирано е огромното значење на лековитите, ароматичните и зачинските растенија заради нивните специфични биолошки активни соединенија кои претставуваат основна суровина за голем број преработувачки индустрии во светот. Овде се дадени повеќе дефиниции за тоа што претставуваат и како се третирани овие растенија. Авторот понатаму дава краток историски преглед на појавата и користењето на лековитите, ароматичните и зачинските растенија, како и нивното значење во народната медицина, потоа за медицински и други цели (козметиката или индустријата за алкохолни пијалаци и ароми, зачини, чаеви, тинктури, мелеми итн.). Во продолжение, авторот дава слика за состојбата во производството/трговијата со лековитите, ароматичните и зачинските растенија во светски рамки, при што евидентен е трендот на зголемување на потрошувачката. Понатаму се презентирани податоци за состојбата со површините во нашата држава и одгледувањето на овие растенија, при што наброени се најзначајните култивирани видови: камилица, лаванда, нане, планински чај, оригано, мелиса, (матерка), бел слез, балканска чубрица, босилек, феникулум (македонски анасон), анасон, невен, мајчина душичка, жалфија, и афион, по што посветен е еден дел на перспективите за развој. Понатаму, дадени се основните поими за растителните лековити суровини, како и нивната основна поделба: според структурата (прикажани табеларно), како и поделбата на дрогите според: растителните органи |

| | |
|---|---|
| | (дрогистичка поделба), хемискиот состав (хемиска поделба), по начинот на делување (фармакодинамична поделба), и ботанички. Од наведените, се констатира дека најприфатлива е хемиската поделба на дрогите со фармакодинамична потподелба, формирајќи нова фармакохемиска поделба. Понатаму, авторот зборува за користењето на народните називи на растенијата и користењето на латинските имиња во домашната и меѓународната (научна и стручна) терминологија кои претставуваат најсигурен начин за детерминирање и употреба. Објаснети се и основните поими за активните материи во растенијата – примарните материи или производи на примарниот метаболизам како важни основни соединенија, и секундарните метаболити – биолошки активни материи (алкалоиди, гликозиди, органски киселини, етерични масла, слузни материи, гуми, смоли, танини, витамини и др.). Дадени се општите принципи во одгледувањето и собирањето на овие растенија, со акцент на проблемите кои се јавуваат. За значењето на култивирањето на овие растенија, авторот презентира и податоци (SWOT-анализа), за предностите, недостатоците, можностите и заканите при организираното одгледување на лековити, ароматични и зачински растенија наспроти нивното собирање во природата. Понатаму, изнесени се еколошките услови за одгледување и како одделните фактори влијаат врз растенијата (варирања во содржината на активни материи), и антрополошките фактори кои влијаат при одгледувањето на лековити, ароматични и зачински растенија (селекција, почитување на сеидбените рокови и норми на сеидба, користење на сертифициран семенски/саден материјал, избор на ѓубрива, плодоред, заштита на растенијата, па сè до време и начин на прибирање). Авторот се задржува и на начините на размножување на овие растенија, давајќи краток осврт и на различните технологии на производство на расад. Одејќи понатаму, авторот се задржува на прибирањето на лековитите, ароматичните и зачинските растенија, поточно на времето на прибирање во зависност од делот на растението што се користи, како и приборот што се користи за одделни видови, по што следува детално излагање за постжетвениот период и сите неопходни процеси, како: сушење, ситнење, екстракција, пакување и чување на суровината. Авторот истакнува дека одгледувањето на лековитите и ароматични растенија мора да се спроведува под најстрога контрола (почитувајќи ги принципите на добра земјоделска пракса), давајќи ги и потребните насоки за секој еден што би |

| | |
|---|---|
| | започнал со производство. Изборот на начинот на одгледување на овие култури, со посебен осврт на основните начела и условите за органското производство на лековити, ароматични и зачински растенија.<br>Во следното поглавје - „Специјален дел“, посветени се 32 потпоглавја на поглавните видови кои авторот детално ги опишува, почнувајќи од нивното стопанско значење, ботаничката класификација, морфолошките карактеристики, хемискиот состав и нивната употреба, како и агроеколошките услови и технологијата на одгледување. Поважните лековити, ароматични и зачински растенија се поделени во 5 (пет) групи:<br>- растенија кои содржат алкалоиди<br>- растенија кои содржат хетерозиди<br>- растенија кои содржат сапонозиди<br>- растенија кои содржат слузни droги<br>- ароматично-зачински растенија.<br><br>На крајот од ова поглавје, во ракописот претставен е посебен дел кој дава осврт кон производството на етерични масла (методот на добивање) и различните типови на дестилација на етеричните масла. Во продолжение, опишан е и начинот на екстракција на етерични масла со пресување (ладно цедење), како и останатите методи на добивање на етерично масло (екстракција со органски растворувачи, екстракцијата со суперкритичен (надкритичен) $CO_2$, по методот анфлераж (enfleurage)).<br>Во последното поглавје – „Литература“, дадени се насловите на трудовите кои авторот ги користи во текот на пишувањето на ракописот, каде што вкупно се цитирани 272 библиографски единици.<br>На крајот, како сумиран преглед на лековитите, ароматичните и зачинските растенија, дадени се табеларни прилози:<br>I – Сумиран приказ од технологијата на одгледување на лековити, ароматични и зачински растенија;<br>II – Листа на лековити, ароматични и зачински растенија според народните имиња;<br>III – Листа на лековити, ароматични и зачински растенија според латинските имиња. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Учебникот „Одгледување на лековити, ароматични и зачински растенија“ во целост е усогласен со потребите за реализација на наставата на предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема.<br>Авторот, во текот на пишувањето на ракописот, преку дискусии и размена на мислења со |

| | |
|---|---|
| | рецензентката, сите забелешки и предлози ги усогласил во текот на пишувањето на материјалот. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот во целост ја покрива наставната програма по предметот Лековити и ароматични растенија на прв циклус студии. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 225 страници (формат B5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 3 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 5 слики и 14 табели. Учебникот „Одгледување на лековити, ароматични и зачински растенија“, од авторот проф. д-р Зоран Димов, првенствено е наменет за студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно со наставната програма за студиските програми: Хортикултура, Екоземјоделство и Квалитет и безбедност на храна, за студентите од прв циклус студии, како и за студентите на втор циклус студии. Материјата е изложена на разбирлив начин, напишана со едноставен стил, со исклучително добро систематизирани поглавја и одбработени теми, дел табеларно презентирани како појаснување на текстуалниот дел. При пишувањето, користена е стандардизирана терминологија. Исто така, претставува сеопфатно издание како резултат на долгогодишната апликативна работа на авторот во оваа област и долгогодишното учество во наставно-образовниот процес. |

Врз основа на изнесеното, ми претставува чест и особено задоволство да го поддржам овој ракопис и да предложам да се отпечати како учебник по предметот Лековити и ароматични растенија, примарно наменет за студентите на додипломските и постдипломските студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Скопје, 25 јули 2021 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Ромина Кабранова, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, с.р.**

*Прилог бр. 2*

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА): ВИДОВИ ИНСТРУМЕНТИ (ПИЈАНО) (60910) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за музичка уметност – Скопје, објавен во весникот „Вечер“ на 19.8.2021, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по областа: видови инструменти (пијано) (60910), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, бр. 02-453/1 донесена на 2.9.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Ана Гацева, вонр. проф. д-р Кристина Светиева и проф. д-р Марија Ѓошевска.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за наставник во сите наставно-научни звања по областа видови инструменти (пијано), во предвидениот рок се пријави кандидатот доц. м-р Кристијан Каровски, во моментов вработен на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

**Кристијан Каровски**

### 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

М-р Кристијан Каровски е роден во Скопје, на 17.12.1986 год.

Пијано започнал да учи на шестгодишна возраст во класата на проф. Људмила Романова во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј” во Скопје, каде што и матурирал.

Како ученик на ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј”, Кристијан Каровски набрзо ги покажал своите квалитети како млад надежен пијанист и се вбројал меѓу најдобрите репрезенти на Центарот. Учествувал на скоро сите најзначајни групни концерти на училиштето, концерти на класата на проф. Љ. Романова и како гостин учесник на концертите на проф. Борис Романов. Во овој период станал носител на државни и меѓународни награди и остварил повеќе рецитални настапи и настапи со Македонската филхармонија.

Средното образование го завршил како носител на престижната награда „Климентина Рафајловска”, доделувана за најдобриот инструменталист на генерацијата.

Школувањето го продолжил на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на еминентниот руски педагог проф. Борис Романов, каде што дипломирал и магистрирал со највисока оценка и посебни пофалби cum laude. Тој и во оваа институција набрзо го стекнал реномето на извонредно успешен студент. Учествувал со голем успех во бројни групни концерти, како во рамките на концертните настапи на класата на проф. Б. Романов, со која освен на ФМУ, настапил и на повеќе турнеи низ Р Македонија.

Тој е единствениот македонски пијанист кој своето музичко образование од самиот почеток до магистрирањето во целост го добил од професорите Људмила и Борис Романови, како претставници на руската пијанистичка школа.

М-р Кристијан Каровски своите забележителни музичко-изведувачки предиспозиции и квалитети ги покажал уште од својата најрана возраст.

На деветгодишна возраст бил поканет од проф. Борис Романов и бил вклучен во група ученици и студенти, при првото гостување на млади македонски пијанисти на концерт во Париз, 1996 год.

Добитник е на повеќе награди и признанија на државни и меѓународни натпревари:

- трета награда на Државен натпревар – Скопје, 1995 год.;
- прва награда на натпреварот „Шопенијада” – Скопје, 1996 год.;
- втора награда на Меѓународен натпревар во Брно, 1997 год.;
- специјална награда на Државен натпревар за дуо пијано – Скопје, 1999 год.;
- трета награда на Меѓународен натпревар во Милано, Италија, 2000 год.;
- втора награда на Меѓународен натпревар во Белград, 2005 год.

Во периодот од 1997 до 2011 година, м-р Каровски настапил на завршните концерти на семинарот на проф. Борис Романов во Охрид, во рамките на фестивалот „Охридско лето”. Во октомври 2016 година, Кристијан Каровски е избран во звањето доцент на ФМУ – Скопје по наставните предмети: Пијано и Камерна музика, а во декември 2018 година заснова работен однос на истиот Факултет.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните уметнички, научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните уметнички, научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Факултетот за музичка уметност во Скопје, кандидатот доц. м-р Кристијан Каровски изведувал настава по предметите: Пијано и Камерна музика, на прв и втор циклус студии.

Со своето богато долгогодишно искуство, м-р Кристијан Каровски дава голем придонес во професионалното и уметничко формирање на студентите на првиот и вториот циклус. Тој ја остварил својата многу значајна функција во поставување на музичките дела и нивната јавна презентација, не само за потребите на наставно-образовниот процес на Факултетот, туку и на музичките сцени во Македонија.

Особено значаен е придонесот на м-р Кристијан Каровски во педагошката дејност, каде што посветувал големо внимание на уметничкиот развој на студентите од неговата класа. Тука се издвојуваат концертите на класата надвор од редовните настапи во рамките на концертите на ФМУ:

23.12.2016 – Концерт на студентите на ФМУ од класата на доц. Кристијан Каровски;
16.5.2017 – Клавирски концерт, класа: доц. Кристијан Каровски – Гевгелиска пролет;
19.5.2017 – Концерт за пијано, класа: доц. Кристијан Каровски – Кавадарци;
26.5.2017 – Концерт на класата по пијано на доц. Кристијан Каровски, Музеј на Град Скопје;
24.11.2017 – Клавирски концерт, класа: доц. Кристијан Каровски – Гевгелиска музичка есен;
21.12.2017 – Концерт на класата на доц. Кристијан Каровски, Концертна сала – ФМУ;
5.4.2018 – Концерт на Мими Дучева и Дамјан Милески класа: доц. Кристијан Каровски, Концертна сала ДМБУЦ;
27.4.2018 – Концерт на класата на доц. Кристијан Каровски, концертна сала на ОМУ „Методи Патче” – Охрид;
31.5.2018 – Пијано-концерт, класа: доц. Кристијан Каровски – Гевгелија;
6.6.2018 – Концерт на класата по пијано на доц. Кристијан Каровски, Музеј на Град Скопје;
14.6.2018 – Концерт со студентите од државните факултети за музика – Звукот на идната генерација – Национална филхармонија;

10.5.2019 – Клавирски концерт на студентите од класата на доц. Кристијан Каровски – Гевгелија;
18.12.2018 – Концерт на класата по пијано доц. Кристијан Каровски, Концертна сала – ФМУ;
28.5.2019 – Концерт на студентите од класата на доц. Кристијан Каровски, Музеј на македонската борба;
6.6.2019 – Концерт на Мими Дучева од класата на доц. Кристијан Каровски, Концертна сала – ДМБУЦ;
20.6.2019 – Концерт на Ивана Јанаќиева, класа: доц. Кристијан Каровски, Музеј на македонската борба;
20.12.2019 – Концерт на класата по пијано на доц. Кристијан Каровски, Концертна сала – ФМУ;
20.2.2021 – Концерт на Мими Дучева, класа: доц. Кристијан Каровски, Камерна сала на Национална филхармонија.

Кандидатот м-р Каровски бил ментор на тројца дипломци и член на комисија за одбрана на осум дипломски испити. На втор циклус бил ментор на два магистерски труда и член на комисија за одбрана на магистерски труд на тројца кандидати.

**<u>Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност</u>**

М-р Кристијан Каровски во текот на доцентскиот стаж реализирал солистички концерт во Музејот на македонската борба, како и пијано-соработка во одбраната на докторската дисертација на пијанистот Мисбах Качамаку. Во овој период настапувал и на концертот на наставниците од Катедрата за клавишни инструменти при ФМУ:
22.12.2016 - Концерт на наставниците од Катедрата за клавишни инструменти, Концертна сала на ФМУ;
19.2.2018 - докторски испит на Мисбах Качамаку – Ј. Брамс – Концерт за пијано и оркестар бр.1 d-moll;
18.12.2019 - Солистички концерт на Кристијан Каровски во Музејот на македонската борба.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

М-р Кристијан Каровски учествувал во снимањето за проект на ИРАМ при ФМУ, неговите студенти настапувале на божиќниот концерт на студенти на ФМУ за Амбасадата на Шпанија, на концерт на вокално-инструменталните оддели и на концертите по повод првиот академски час во две наставни години:
декември 2016, учество во снимање за проект на ИРАМ при ФМУ;
14.12.2016, 50 години на ФМУ – Скопје, Концерт на студентите од вокално-инструменталните оддели;
декември 2017 – Божиќен концерт на студентите од ФМУ за Амбасадата на Шпанија;
2017 – 2018, Концерт по повод прв академски час;

2018 – 2019, Концерт по повод прв академски час.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот доц. м-р Кристијан Каровски добил позитивни оценки од сите анонимно спроведени анкети на студентите на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во периодот од неговиот последен избор во звањето доцент до денес.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Кристијан Каровски. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Кристијан Каровски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научната област: видови инструменти (пијано) (60910). Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, м-р Кристијан Каровски да биде избран во звањето **вонреден професор** во научната област: видови инструменти (пијано) (60910).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Ана Гацева, с.р.

Вонр. проф. д-р Кристина Светиева, с.р.

Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.

**О Б Р А З Е Ц 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат: **Кристијан Јован Каровски**
Институција: **Факултет за музичка уметност – Скопје**
Научна област: **видови инструменти (пијано) (60910)**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА – ДОЦЕНТ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР И РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1. | За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен – доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус | ДА |
| 2. | Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата (да се наведат/опишат) | Кристијан Каровски е еден од најистакнатите и најактрактивни Кристијан Каровски е еден од најистакнатите и најактрактивни македонски пијанисти. Со секој негов нов настап се потврдува фактот дека во неговата личност, која со својот несомнен талент, рафинираност, сензитивност и изразита индивидуалност, македонската музичка сцена добива пијанист со длабокочувствителни музички идеи. Тој е единсвениот македонски пијанист кој своето музичко образование од самиот почеток до магистрирањето во целост го добива од професорите Људмила и Борис Романови, како претставници на руската пијанистичка школа.<br>Со своето богато долгогодишно искуство, м-р Кристијан Каровски дава голем придонес во професионалното и уметничко формирање на студентите на првиот и вториот циклус. Тој ја остварил својата многу значајна функција во поставување на музичките дела и нивната јавна презентација, не само за потребите на наставно-образовниот процес на Факултетот, туку и на музичките сцени во Македонија и во странство.<br>Особено значаен е придонесот на м-р Кристијан Каровски во педагошката дејност, каде што посветувал големо внимание на уметничкиот развој на студентите од неговата класа кои постигнуваат врвни резултати во пијанизмот. |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | | |
| 3. | Има способност за наставна работа | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ана Гацева, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Кристина Светиева, с.р.**
**Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Кристијан Јован Каровски**

**Институција: Факултет за музичка уметност - Скопје**

**Научна област: видови инструменти (пијано), за наставните предмети: Пијано и Камерна музика**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава од прв циклус студии (2016-2017)14x30x0,04=16.8 | 16.8 |
| 2. | Настава од прв циклус студии (2017-2018)14x30x0,04=16.8 | 16.8 |
| 3. | Настава од прв циклус студии (2018-2019)14,5x30x0,04=17.4 | 17,4 |
| 4. | Настава од прв циклус студии (2019-2020)10,5x30x0,04=12,6 | 12,6 |
| 5. | Настава од прв циклус студии (зимски семестар) (2020-2021)9x30x0,04=5,4 | 5,4 |
| 6. | Настава од прв циклус студии (летен семестар) (2020-2021)8,5x30x0,04=5,1 | 5,1 |
| 7. | Настава од втор циклус студии (2017-2018)2x30x0,05=3 | 3 |
| 8. | Настава од втор циклус студии (2018-2019)2x30x0,05=3 | 3 |
| **Настава во школи и работилници** | | |
| 9. | Раководител, учебна 2016/2017, прво и второ полугодие – ДМБУЦ | 1,5 x 2 |
| 10. | Раководител, учебна 2017/2018, прво и второ полугодие – ДМБУЦ | 1,5 x 2 |
| 11. | Раководител, учебна 2018/2019, прво и второ полугодие – ДМБУЦ | 1,5 x 2 |
| 12. | Ментор на дипломска работа (3) | 0.6 |
| 13. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (8) | 0.8 |
| 14. | Членa на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (3) | 0,9 |
| 15. | Член на комисија „Полифон конкурс” при ФМУ (2) | 0,2 |
| | **Вкупно** | 91.6 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерски труд (2) | 4 |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 4 |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | 22.12.2016. Настап на концертот на наставниците од Катедрата за клавишни инструменти при ФМУ | 2 |
| 2. | 19.02.2018. Пијано-соработка на докторски испит на Мизбах Качамаку | 4 |
| 3 | 18.12.2019. Солистички концерт на Кристијан Каровски во Музејот на македонската борба | 8 |
| 4. | 23.12.2016. Пијано-соработник на Ивана Јанаќиева на Концерт на студентите од класата на доц. м-р Кристијан Каровски – Концертна сала на ФМУ | 0,4 |
| 5. | 27.4.2018. Пијано-соработник на Ивана Јанаќиева на Концерт на класата на доц. м-р Кристијан Каровски – ОМУ „Методи Патче” – Охрид | 0,4 |
| 6. | 29.5.2018 Пијано-соработник на Ивана Јанаќиева на аудиција за концерт со Македонската филхармонија | 0,4 |
| | **Вкупно** | 15,2 |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Декември 2016, учество во снимање за проект на ИРАМ при ФМУ | 0,5 |
| 2. | 14.12.2016 – 50 години на ФМУ – Скопје, Концерт на студентите од вокално-инструменталните оддели | 0,5 |
| 3. | Декември 2017 – Божиќен концерт на студентите од ФМУ за Амбасадата на Шпанија | 0.5 |
| 4. | Концерт по повод прв академски час, 2017 – 2018 | 0.5 |
| 5. | Концерт по повод прв академски час, 2018 – 2019 | 0,5 |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

| **Спортска дејност** | | |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 2,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 91,6 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 4 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 15,2 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 2,5 |
| **Вкупно** | 113,3 |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ана Гацева, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Кристина Светиева, с.р.**
**Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИНТЕГРИРАН МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ЗА АНАЛИЗА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ВИБРАЦИИ ОД ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ ВРЗ ЛУЃЕТО И ОБЈЕКТИТЕ”, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р НИКОЛА НАУМОВСКИ, ДИПЛ.МАШ.ИНЖ., ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА (УКИМ-ИЗИИС) ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ-ИЗИИС) во Скопје, на седницата одржана на 18.8.2021 година, со Одлука бр. 09-1294/1 од 19.8.2021 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Никола Наумовски со работен наслов: ИНТЕГРИРАН МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ЗА АНАЛИЗА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ВИБРАЦИИ ОД ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ ВРЗ ЛУЃЕТО И ОБЈЕКТИТЕ, во состав: проф. д-р Виктор Христовски (претседател), проф. д-р Живко Божиновски (член), проф. д-р Влатко Шешов (член), проф. д-р Златко Петрески (член) и проф. д-р Лидија Крстевска (ментор, член).

Комисијата во горенаведениот состав ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ-ИЗИИС) во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Никола Наумовски, со работен наслов: ИНТЕГРИРАН МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ЗА АНАЛИЗА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ВИБРАЦИИ ОД ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ ВРЗ ЛУЃЕТО И ОБЈЕКТИТЕ, содржи вкупно 185 страници, компјутерски обработен текст во фонт GEORGIA со 1,5 проред и големина на букви 12, 26 табели, 128 слики и дијаграми и 116 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 8 глави, во рамките на кои се и заклучоците како одделна глава, а листата на користена литература е поместена како деветта глава. На крајот од дисертацијата е даден Додатокот на Глава 5. Главите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во првата глава е даден вовед во темата, т.е. актуелноста на проблемот на вибрации предизвикани од воз, наведени се целите и прикажана е структурата на докторската дисертација. Втората глава опфаќа краток преглед на литературата и постојните сознанија од предметната област, со осврт на историскиот развој, искуствата и третманот на вибрациите генерално. Во третата глава се дефинирани поимите што се користени во дисертацијата за појасно разбирање на проблематиката на вибрациите, како и ефектите од вибрациите врз луѓето и објектите. Во четвртата глава, покрај општите оценки за ефектите на вибрациите, даден е преглед и на дел од постојните критериуми и законска регулатива во светот, односно критериумите за влијанието на вибрациите врз луѓето и објектите, опишани преку постојните меѓународни и национални стандарди. Петтата глава ја презентира оригиналната експериментална метода, односно in-situ процедурата за мерење и проценка на влијанието на вибрациите врз околината. При тоа, прикажани се резултатите од мерењата на конкретно анализираната делница Куманово-Дељадровце, со дефинирани атенуациони криви во селектирани профили (критични зони) на два начина: мерење за дефинирање на атенуациони криви користејќи ја методата удар со чекан и мерење на вибрации генерирани при одвивање на железнички сообраќај. Со добиените резултати од овие мерења се проценети, односно дефинирани нивоата на вибрации и критичните растојанија до постојните објекти по должина на разгледуваната линија каде што вибрациите би биле во прифатливи граници. Во шестата глава се прикажани

резултатите од нумеричката анализа со методата на конечни елементи за симулирање на ширењето на вибрациите низ почвена средина. Во овој контекст, извршена е компарација на нумерички добиените резултати со резултатите од теренските мерења по должина на селектиран профил, при што е добиено логично совпаѓање. Во седмата глава се опишуваат мерките за намалување на влијанието на вибрациите врз луѓето и објектите кои се применуваат во различни случаи, што уште еднаш укажува на важноста од следење и решавање на проблемот на вибрации предизвикан од движење на возовите. Во осмата глава се дадени препораки и заклучоци базирани на резултатите и сознанијата презентирани во трудот, како и потребата за донесување на соодветна регулатива и во нашата држава, во правец на намалување и контрола на влијанието на вибрациите врз луѓето и објектите. Користената литература која се однесува на проблематиката обработена во оваа дисертација е дадена како деветта глава. На крајот од дисертацијата е приложен Додатокот на Глава 5, во кој се поместени резултатите од мерењата на профил 3 Романовце, дадени во соодветни графикони.

**Предмет на истражување**

Предметот на истражување се вибрациите од железничкиот сообраќај, кои може да влијаат на квалитетот на животот на луѓето населени во близина на фреквентни железнички линии. Вибрациите од железници не се нов феномен во светот, но вниманието кон нив е посебно нагласено во последните децении со развојот на железницата во урбаните средини. Проблемот на перцепцијата на вибрациите од страна на луѓето станува сè позначаен проблем во населените места покрај пругите, но и во градовите кога станува збор за подземните железници – метроата. Во оваа докторска дисертација е направен еден обид за квантификација на нивото на вибрациите чиј извор е железничкиот сообраќај, односно за дефинирање на еден интегриран методолошки пристап за нивното влијание врз луѓето и објектите со цел да се изнајдат соодветни мерки за отстранувањето или намалувањето на нивниот ефект.

Согласно со целта и програмата на истражувањата во предметната докторска дисертација, покрај продлабочувањето на сознанијата во врска со феномените на настанување, распространување и влијание на вибрациите врз луѓето и објектите, во рамките на предложениот интегриран методолошки пристап се вклучени in-situ мерења и анализи на конкретни селектирани локации во урбани и рурални средини покрај постојна железничка линија, потоа активностите во врска со дефинирањето и верифицирањето на нумеричките модели базирани на методата на конечни елементи со кои се потврдуваат добиените атенуациони криви од in-situ мерења, како и активностите врзани за дефинирање на потребните мерки за отстранување или намалување на влијанијата на вибрациите врз луѓето и блиските објекти.

Во моментов во нашата земја не постојат национални барања или стандарди поврзани со транзитните вибрации од разни извори и нивното влијание врз населените објекти. Меѓутоа, постојат повеќе национални стандарди во Европа и во САД, при што прифатливото (дозволеното) ниво на вознемирување варира за различни земји. Затоа, една од целите на интегрираниот методолошки пристап изложен во докторската дисертација, покрај предложените in-situ мерења и соодветните софистицирани нумерички модели, е да се дефинираат соодветни критериуми имплементирани во техничка регулатива со кои ќе се регулира нивото на вибрации предизвикани од железница кај нас. Исто така, не помало значење како предмет на истражување во дисертацијата имаат и предлогот на иновативни мерки за намалување на ефектите на високото ниво на вибрации предизвикани од железничкиот сообраќај.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Зголеменото ниво на механички вибрации претставува едно од релативно поновите проблеми и искуства во светот, посебно кога станува збор за нивното влијание врз човечкото тело и објектите кои се наоѓаат во близина на изворот на вибрациите. Всушност, историски гледано, пред развојот на индустријата, овој феномен на вибрации

не постоел, со исклучок на ретки природни настани. Од таа причина, ефектите на вибрациите врз човечкото тело претставуваат сè уште недоволно истражено поле. Во дваесеттиот век, научната литература за оваа тема значително се зголемува, како резултат на зголемениот развој на индустријата, транспортот и урбанизацијата. Една од првите и најпопуларните систематски студии на оваа тема потекнува од почетокот на 60-тите години на минатиот век од Голдман и фон Гирке. Во 70-тите години се објавени неколку основни и значајни дела на Грифин на тема „човечка вибрација“. Генерално, во последните педесет години е постигнат голем напредок во оваа област, така што сега се достапни повеќе трудови кои можеме да ги сметаме за стандард во оваа област. Подетални податоци за состојбата на подрачјето кандидатот изложува во втората глава на докторската дисертација. Она што треба да се потенцира е дека паралелно со развојот на оваа дисциплина и бројните извршени истражувања, течел развојот и на стандардизацијата за регулирање на дозволеното ниво на вибрациите од аспект на човековата перцепција. Веднаш да напоменеме дека вакви стандарди не постојат во нашата земја, а сè уште се во фаза на развој во некои европски и светски земји. Токму тоа е и еден од придонесите на докторската дисертација, имено, се очекува здобиените сознанија да резултираат во една солидна основа за дефинирање на едни наши национални стандарди.

**Методи на истражувањето**

За реализирање на предвидената програма се применети експериментални и нумерички методи. Експерименталните методи се состојат од теренски мерења, а нумеричките методи беа користени за аналитичко предвидување на динамичкиот одговор на системот почва-конструкција од влијание на индуцираните вибрации од железничкиот сообраќај. Притоа, за мерење на вибрациите беа користени акцелерометри (инструменти за мерење на акцелерации) и геофони (инструменти за мерење на брзини).

Освен експерименталните теренски мерења беа извршени и нумерички анализи со примена на софистицирани нумерички модели со користење на методата на конечни елементи, кои ги верификуваа резултатите од мерењата. За таа цел беа извршени динамички анализи во временски домен со вклучување на влијанието на интеракцијата тло-конструкција. Притоа, беа земени предвид еласто-механичките карактеристики на почвата и карактеристиките на изложената конструкција, како и соодветниот извор на вибрација, односно побуда.

Истражувањето е реализирано следејќи ги следниве фази: 1. проучување на досегашните искуства, литература и стандарди за вибрации во железничкиот сообраќај; 2. организирање и реализирање на in-situ мерења на вибрации на селектирани критични мерни места на локации во урбани средини за селектирана делница на железничка линија; 3. анализа на добиените податоци и оцена на влијанието, односно нивото на вибрациите врз објектите и луѓето со споредба со соодветни кодифицирани стандарди; 4. дефинирање на мерки за намалување на нивото на вибрациите предизвикани од железничкиот сообраќај. Предложениот интегриран методолошки пристап за дефинирање и анализа на вибрациите и нивното влијание е конкретно имплементиран на делницата од железничката линија Куманово-Дељадровце. При тоа, беа вршени компаративни анализи на резултатите добиени експериментално и нумерички, со што предложените атенуациони криви беа потврдени за примена на разгледуваната делница.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Придонесите на докторската дисертација во рамките на овие истражувања се видливи од самите добиени резултати. Кандидатот предложува квалитетен интегриран методолошки пристап кои ги содржи сите потребни елементи за решавање на проблемите на зголеменото ниво на вибрации кај постојните или новопланираните

објекти во близина на железничките линии. Тие елементи опфаќаат in-situ мерења и анализи на конкретни селектирани локации во урбани и рурални средини покрај постојна железничка линија, дефинирање и верифицирање на нумерички модели базирани на методата на конечни елементи со кои се потврдуваат добиените атенуациони криви од in-situ мерења, како и дефинирање на потребните мерки за намалување на влијанијата на вибрациите врз луѓето и блиските објекти. Предложениот интегрирани методолошки пристап е имплементиран за реален случај на железнички коридор на делницата Куманово-Дељадровци.

Во истражувањата се презентирани резултатите од двата типа на in-situ мерења, во зависност од величината за дефинирање на нивото на вибрациите, имено, преку брзините на осцилирање на честичките (добиени со инструменти-геофони) и преку забрзувањата на осцилирање на честичките (добиени со акцелерометри). На делницата Куманово-Дељадровци се идентификувани девет зони како места кои може да бидат изложени на зголемени вибрации од возовите. Кандидатот ги користи in-situ мерењата за конструирање на атенуационите криви, односно за дефинирање на зависноста на измерените брзини/забрзувања од далечината на изворот на вибрациите. Во дисертацијата е направена и конкретна анализа користејќи го полскиот стандард и на овој начин е дефинирано безбедното растојание на селектиран објект во непосредна близина на пругата, односно дефинирано е нивото на кое вибрациите би биле под дозволеното ниво на перцепција на луѓето. Треба да се напомене дека мерењата се извршени за повеќе типови на побуди. Најпрвин се извршени мерења на амбиентални вибрации, а потоа се вршени мерења од динамички побуди предизвикани од поминување на товарен воз, патнички воз и локомотива. Паралелно, кандидатот пристапува кон нумеричкото моделирање и анализирање на критичниот профил со користење на методот на конечни елементи, за кое смета дека е од суштинско значење, посебно во случаите кога е потребна поопсежна студија за поширок анализиран домен. Имено, имајќи го предвид фактот дека не е секогаш можно да се вршат in-situ мерења на сите профили, со нумеричките анализи е можно да се изврши предвидување на нивото на вибрациите на еден поширок регион, за пократко време и со многу помало чинење отколку за истиот реон да се извршат in-situ мерења на сите профили. Динамичките анализи се извршени со методата на конечни елементи со користење на чекор-по-чекор Wilson θ методата. Анализите се извршени за побудата – удар со чекан. Добиените атенуациони криви од нумеричките модели покажуваат логичка корелација со атенуационите криви добиени со мерењата.

Резултатите од дисертацијата оставаат впечаток дека предложениот интегриран методолошки пристап претставува солидна база за понатамошните истражувања на ова поле во правец на: (1) планирање соодветни in-situ мерења за одредени репрезентативни локации и профили; (2) развивање на соодветни софистицирани нумерички модели со кои ќе се врши предикција на нивото на вибрациите за поширок регион; (3) дефинирање на соодветни критериуми имплементирани во техничка регулатива со кои ќе се регулира нивото на вибрации предизвикани од железница; (4) изнаоѓање на иновативни мерки за намалување на ефектите на високото ниво на вибрации предизвикани од железничкиот сообраќај.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Никола Наумовски, со работен наслов: ИНТЕГРИРАН МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ЗА АНАЛИЗА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ВИБРАЦИИ ОД ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ ВРЗ ЛУЃЕТО И ОБЈЕКТИТЕ, претставува квалитетен и самостоен научен труд во областа на динамиката на конструкциите.

Важноста на темата која е предмет на трудот е несомнена имајќи го предвид фактот што проблемот на вибрациите од железничкиот сообраќај станува сè поактуелен во светот. Имено, овие вибрации влијаат на квалитетот на животот на луѓето кои се населени во близина на фреквентни железнички линии. Со оглед на мултидисциплинарноста на самиот проблем, трудот не претставува само придонес во

областа на динамиката на конструкциите, теоријата на пренесување на брановите, железничкото инженерство и другите сродни технички дисциплини, туку и во областите на општествените науки кои се однесуваат на перцепцијата и однесувањето на луѓето под влијание на зголемени нивоа на вибрации. Темата длабоко навлегува и во сферите на иновативното градежно и машинско инженерство со оглед на нејзината цел – изнаоѓањето на соодветни мерки, начини и уреди за намалување на влијанието на вибрациите. Докторската дисертација нуди квалитетен одговор на повеќето од овие прашања и предизвици.

**Публикувани трудови на кандидатот**

1. **Никола НАУМОВСКИ** , Лидија КРСТЕВСКА, ВИБРАЦИИ ВО УРБАНИ СРЕДИНИ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ВИБРАЦИИ ОД ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ, 18th International Symposium of Macedonian Association of Structural Engineers (MASE 2019).
2. **Nikola Naumovski** , Viktor Hristovski, Lidija Krstevska, IN-SITU MEASUREMENTS AND NUMERICAL MODELING OF RAILWAY TRAFFIC-INDUCED GROUND VIBRATIONS IN URBAN AREAS, 1st Croatian Conference on Earthquake Engineering, 1CroCEE, Zagreb 2021.
3. **Nikola Naumovski** , Viktor Hristovski, Lidija Krstevska, INFLUENCE OF RAILWAY INDUCED VIBRATIONS ON STRUCTURES AND HUMANS IN URBAN AREAS – IN SITU MEASUREMENTS AND NUMERICAL MODELING (во подготовка за објавување во списанието Gradjevinar).

**Заклучок и предлог**

**Главни научни придонеси**

Од гореизложеното, може да се издвојат следните главни научни придонеси од докторската дисертација:

- Темата е доста значајна и актуелна. Железничкиот сообраќај претставува значаен извор на вибрации кој може да влијае на квалитетот на животот на луѓето населени во близина на фреквентни железнички линии, така што на овој проблем треба да му се посвети поголемо влијание кога станува збор за планирање на нови железнички линии или на зголемување на капацитетот на постојните железници кои минуваат низ урбани средини, или пак кога станува збор за проширување на урбаните подрачја до постојните железнички линии. Дисертацијата предлага еден интегриран методолошки пристап за квантифицирање и решавање на проблемот на нивото на вибрациите, што е главниот научен и практичен придонес.
- Со оглед на тоа што во моментов во нашата земја не постојат национални барања или стандарди поврзани со проблемот на зголеменото ниво на вибрации од разни извори и нивното влијание врз населените објекти, од истражувањата во рамките на докторската дисертација е јасно потенцирана важноста од потребата за дефинирање на национални упатства и стандарди во врска со оваа проблематика.
- Истражувањата предлагаат два типа на in-situ мерења, со мерење на брзините на осцилирање на честичките, и со мерење на забрзувањата на осцилирање на честичките. Вторите се покажуваат како попрактични и се предлагаат за пракса.
- Предложените мерења се имплементирани на реален железнички коридор на делницата Куманово-Дељадровци. Целта на овие мерења е конструирање соодветни атенуациони криви за локацијата кои потоа се користат за проектирање на соодветни мерки за намалување на влијанието од вибрациите.
- Предложен е соодветен нумерички модел за анализа на критичните профили со користење на методот на конечни елементи, кој се покажува како ефикасен во случаите кога е потребна поопсежна студија за поширок анализиран домен. Имено, бидејќи не е практично да се вршат in-situ мерења на сите профили, со нумеричките анализи е можно да се изврши предвидување на нивото на вибрациите за повеќето од нив, за пократко време и со многу помало чинење отколку за истиот реон да се извршат in-situ мерења на сите профили. Добиените атенуациони криви од нумеричките модели покажуваат добра корелација со атенуационите криви добиени со мерењата.
- Предложениот интегрален методолошки пристап овозможува за дадените профили да се дефинираат потребните мерки со кои би се намалиле ефектите од вибрациите. За предвидување на одговорот на системот, односно за добивање на нивото на вибрациите со вклучените дефинирани мерки, може да се користи упростена пресметка или да се искористи нумеричкиот модел на постојната состојба, кој само треба соодветно да се коригира согласно со предложените мерки.

**Подрачје на примена и ограничувања**

Предложениот интегриран методолошки пристап е имплементирани на реален железнички коридор на делницата Куманово-Дељадровци. Придонесот на оваа докторска дисертација е што овој пристап е веднаш применлив во пракса.

**Можни понатамошни истражувања**

Предложениот интегриран методолошки пристап во дисертацијата претставува солидна база за понатамошните истражувања на ова поле.

Со оглед на наведеното, Комисијата со задоволство му предлага на Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ-ИЗИИС) во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Никола Наумовски со работен наслов: ИНТЕГРИРАН МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ЗА АНАЛИЗА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ВИБРАЦИИ ОД ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ ВРЗ ЛУЃЕТО И ОБЈЕКТИТЕ.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Виктор Христовски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Живко Божиновски, член, с.р.**
**Проф. д-р Влатко Шешов, член, с.р.**
**Проф. д-р Златко Петрески, член, с.р.**
**Проф. д-р Лидија Крстевска, ментор, член, с.р.**